МАКЕДОНСКА БЕРЗА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024

www.mse.mk

mse@mse.org.mk

# СОДРЖИНА


КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ .................... 3
1. ВОВЕД.................... 4
2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ .................... 4
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ.................... 6
3.1. Основни карактеристики .................... 7
3.2. Класично тргување (БЕСТ систем) .................... 9
3.3. Структура на промет од класично тргување по сегменти ....................10
3.4. Блок трансакции ....................11
3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупен промет ....................12
3.6. Индекси на Македонска берза ....................12
3.7. Структура на прометот по членки ....................15
3.8. Други активности поврзани со тргувањето и функционирањето на БЕСТ системот ..16
3.9. Надзор на тргувањето ....................17
4. КОТАЦИЈА ....................18
4.1. Пазарна капитализација ....................19
4.2. Котација на нови хартии од вредност ....................19
4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност ....................19
4.4. Преземени мерки согласно правила за котација ....................20
4.5 Објавени известувања преку сеи-нет ....................23
5. ЧЛЕНСТВО ....................25
6. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ....................28
6.1. Активности поврзани со БЕСТ системот ....................29
6.2. Активности поврзани со развојот на новото апликативно решение на СЕИ-Нет .......29
6.3. Активности поврзани со брокерската апликација Broker Office ....................30
6.4. Активности поврзани со новата верзија на БерзаНет ....................30
6.5. Web страна на Берзата ....................30
6.6. Нови функционалности на бесплатните податочни фидови ....................30
6.7. Реализирани набавки ....................31
6.8. Миграција на нов firewall уред ....................31
6.9. Продолжување на договор за поддршка системот за тргување на ALSE....................31
7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ ....................32
7.1. Годишно собрание на акционери ....................33
7.2. Одбор на директори ....................33
7.3. Коментари на подзаконски акти и анализа на процесот на усогласување со новите закони од областа на пазарот на капитал ....................34
7.4. Акти на Берзата ....................34
7.5. Извештај за следење на усогласеноста на котираните акционерски друштва со кодексот за корпоративно управување и работилници со котираните друштва ........36
7.6. Именување на членови на дисциплинската комисија и комисијата за котација ......38
7.7. Внатрешна ревизија ....................38
7.8. Учество во работата на работните групи/проекти за изработка на нови законски решенија ....................39
7.9. Акти во врска со проблематиката за управување со ризици во работењето на Берзата ....................39
7.10. Активности на Берзата околу промоција на ESG известувањето ....................39
7.11. Активности поврзани со безбедност и здравје при работа ....................39
7.12. Постапки за впаричување-продажба на недвижен имот стекнат во стечајни постапки ....................39
7.13. Доставување одговори на поднесени барања и дописи ....................40
7.14. Судски и нотарски постапки ....................40
7.15. Управување со човечки ресурси ....................40

7.16. Известувања до Комисијата за хартии од вредност ........................................40
**8. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА БЕРЗАТА ИЗРАБОТЕНА ОД EBRD ........................................41**
**9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ........................................43**
9.1. Одржани предавања и презентации ........................................43
9.2. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата ........................................44
9.3. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонска берза ........................................45
9.4. Глобална иницијатива “Ring the bell for gender equality 2024“ ........................................46
9.5. Одржан настан “Жените и парите – емоција или разум“........................................46
9.6. Одбележување на Глобалната недела на парите ........................................47
9.7. Глобална иницијативата „Да заѕвониме за финансиска писменост“ ........................................47
9.8. Едукативен настан „Вклучување на младите на домашниот пазар на капитал“ ........48
9.9. Глобална недела на претприемништво 2024 ........................................48
**10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ........................................49**
10.1. Инвеститорски ден на Берзата ........................................49
10.2. Работен состанок на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS) ........................................49
10.3. Годишна конференција на Македонска берза ........................................49
10.4. Годишни награди на Македонска берза за 2023 година ........................................50
10.5. Работни средби на членките на БУМ клубот ........................................52
10.6. Промоција на продуктите на Берзата ........................................53
10.7. Соработка со медиуми ........................................54
**11. ОБЈАВИ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ ........................................55**
**12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА........................................56**
12.1. Македонска берза како дел од најновата иницијатива на EBRD и седум берзи од регионот на Централна и Југоисточна Европа ........................................57
12.2. Меѓународни активности ........................................57
12.3. Учество на меѓународни и регионални настани ........................................58
**13. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА ........................................59**
**14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА ........................................61**
**ПРИЛОГ ........................................67**
Биланс на состојба ........................................68
Биланс на успех ........................................69

# КОРПОРАТИВЕН ПРОФИЛ

## ПРОФИЛ

Македонска берза АД Скопје
Датум на основање: 13.09.1995
Датум на почеток на тргување: 28.03.1996
Единствен матичен број: 5062608
Даночен број: MK4030995184290

Македонската берза АД Скопје е основана во 1995 година и работи како акционерско друштво во приватна сопственост.

Основните принципи врз кои се темели работењето на Берзата се почитувањето на законските и подзаконските акти од областа на хартиите од вредност, како и обезбедувањето фер, ефикасно и транспарентно функционирање на пазарот на хартии од вредност.

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Претседател**
Тони Стојановски

**Неизвршни членови**
Ивана Гажиќ
Нина Неданоска
Михајло Брова Зиков
Славчо Филипчев

**Независни членови**
Горан Анастасовски
Иван Мишев

**Извршен член**
Иван Штериев, Главен извршен директор

## ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИ

Вкупно издадени хв: 2.792
Номинална вредност: 607,10 ЕУР
Вкупен број на акционери : 29 (со состојба 31.12.2024)
Домашни: 27
Странски: 2



## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2024 година ги содржи главните фактори коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2024 година (деловно окружување), основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на Берзата, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, податоци за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2024 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2024 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори од меѓународен и домашен карактер што го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза и имаа влијание врз тргувањето со хартии од вредност, а со тоа и врз нејзиното работење:

- Светската економија во 2024 година  во однос на претходната година забележа раст од 3,2% (2023 3,3%). Глобалната инфлација се очекува да се намали од просечни 6,7% во 2023 година на 5,8% во 2024 година. Иако инфлацијата на цените на основните стоки се врати на или под трендот, инфлацијата на цените на услугите сѐ уште е над просеците пред КОВИД-19 во многу економии, особено во САД и во еврозоната. Растот во Кина, од 4,7 % на годишно ниво, беше под очекуваниот раст. Растот во Индија, исто така, забави повеќе од очекуваното, предводен од поостро забавување на индустриската активност. Во еврозоната растот продолжи да биде придушен (особено кај Германија), во голема мера одразувајќи ја продолжената слабост во преработувачката индустрија и кај извозот на стоки, иако со подобрувањето на реалните приходи зголемена е и потрошувачката. Спротивно на тоа, растот во САД остана силен, при што економијата се зголеми за стапка од 2,7 % на годишно ниво во третиот квартал, поттикната од силната потрошувачка. [1;]

- Неколку негативни ризици за глобалниот раст остануваат присутни, како војната во Газа и војната во Украина. Геополитичките тензии и глобалните трговски пречки остануваат зголемени, Во земјите каде инфлацијата се покажа поупорна, централните банки се движат повнимателно во циклусот на олабавување и ги следат показателите за активност на пазарот на трудот, како и движењата на девизниот курс. Глобалните финансиски услови остануваат во голема мера приспособливи, повторно со одредени разлики меѓу земјите. Пазарите на капитал во развиените економии пораснаа врз основа на очекувањата за потенцијалот на бизнисите во САД. Во новите пазари и економиите во развој, валуациите се пониски. Зајакнувањето на американскиот долар, поттикнато првенствено од очекувањата за нови царини и повисоки каматни стапки во САД, ги задржа финансиските услови построги. Несигурноста на економската политика нагло се зголеми, особено во делот на трговијата и фискалната политика. Очекувањата на промените на политиките после повеќе изборни процеси во поголемите држави 2024 година ги обликуваа цените на финансиските пазари кон крајот на годината. Политичка нестабилност во некои азиски и европски земји ги потресе пазарите и внесе дополнителна неизвесност во врска со фискалните и структурните политики.[2]

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2025
[2] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2025

- 2024 година заврши со пазарни цени на акциите на повисоки нивоа, особено на поголемите светски берзи, со главен акцент на американските пазари. Dow Jones на годишно ниво се зголеми за 12,88%, S&P500 за 23,31%, а NASDAQ Composite за 28,64%. Европските акции исто така имаа пораст – германскиот DAX ја заврши годината со раст од 18,85%, а англискиот FT100 со релативно мал раст од 5,69%.

- Проценките на Министерството за финансии на Република С.Македонија се дека во 2024 година македонската економија ќе забележи раст на БДП од 2,1% (2023 2,1%).[3];

- Инфлацијата во Република Северна Македонија во текот на 2024 година забавуваше и е проценето дека ќе заврши на 3,5% [4] (2023 9,4%);

- Во текот на 2024 година Народната Банка, во три наврати направи олабавување на монетарна политика со поблаго намалување на каматна стапка на благајничките записи се до 5,55% (2023 6,30%). На крајот од декември 2024 година, годишната пондерирана каматна стапка на дадените кредити изнесуваше 5,30% (2023 5,47%), додека годишна пондерирана каматна стапка на новоодобрени дадени кредити изнесуваше 4,42% (2023 5,21%). Каматна стапка на вкупните депозити на крајот од декември 2024 година изнесуваше 2,17% (2023 1,79%), додека на новопримените заштеди изнесуваше 2,78% (2023 2,37%)[5]. Во 2024 година приносот на најсигурните финансиски инструменти (едногодишни државни записи) се намали до ниво од 3,80% (2023 4,25%), постигнати на последната аукција во декември 2024 година. Каматните стапки во 2024 година имаа тренд на благо опаѓање што влијаеше за намалување на негативното влијание на берзанските движења и на нов прилив на вложувањата во поатрактивните акции;

- Вредноста на средствата под управување на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2024 година се зголеми за 61,47%, во однос на крајот на 2023 година, на износ од 353,16 милиони евра (2023 218,71 мил. евра). Најголем дел, 49,86% од средствата доверени на управување на фондовите се насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државите. Во валутна структура, 46,9% од вкупните средствата под управување на отворените домашни инвестициски фондови се вложени во денари, 31,2% во евра, 16,8% во долари и остатокот од 5,1% во валути на други земји. Освен еден инвестициски фонд со негативен принос , сите инвестициските фондови имаат позитивни годишни стапки на принос (во ранг од 2,30% до 36,08%, и еден фонд - КБ Инвест-МБИ10 со годишна стапка на принос од 59,52% ). Кај задолжителните пензиските фондови, со оглед на инфлацијата, реалните стапки на принос за 2024 се движеа од 4,63% до 5,30%, додека износот на нето средствата под управување порасна за 20,45% во однос на крајот од 2023 година и достигнаа вредност од 2,65 милијарди евра;

- Во текот на 2024 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина. Оттука, во 2024 година беа објавени вкупно 2.158 објави преку СЕИ-Нет;
- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;

- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици.

[3] "Макроекономски индикатори, декември 2024, проекции на Министерството за финансии,"
[4] "Макроекономски индикатори, декември 2024,проекции на Министерството за финансии,"
[5] Соопштение за печат на НБРСМ од 31.01.2025 – "Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците: декември 2024 година"

# ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ



# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Основни карактеристики на тргувањето во 2024 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2024 година изнесуваше 13.402.218.780 денари (околу 218 милиони евра) и бележи зголемување од 190,24 % во споредба со 2023 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2024 година изнесуваше 7.223.877.617 денари (околу 117 милиони евра), што е за 151,54% повеќе во споредба со 2023 година;

    - Прометот остварен со акции во 2024 година изнесуваше 6.933.790.487 денари (околу 113 милиони евра), и е за 157,95% зголемен во споредба со 2023 година;

    - Во 2024 година е остварен промет со обврзници од 290.087.130 денари (околу 4,70 милиони евра) и бележи зголемување за 57,82% во споредба со 2023 година;

| Промет (Денари) | Јануари - Декември 2023 | Јануари - Декември 2024 | % промена |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | **2.890.397.724** | **7.223.877.617** | **151,54** |
| АКЦИИ | 2.688.085.959 | 6.933.790.487 | 157,95 |
| ОБВРЗНИЦИ | 183.803.265 | 290.087.130 | 57,82 |
| ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 18.508.500 | - | - |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 11.770.038 | 29.606.056 | 151,54 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 49 | 97 | 97,96 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | **1.727.292.773** | **5.705.662.720** | **230,32** |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА | **0** | **0** | - |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | **0** | **472.578.442** | - |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | **0** | **0** | - |
| **ВКУПНО** | **4.617.690.497** | **13.402.218.780** | **190,24** |

- Во 2024 година на Берзата се реализирани 254 блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од 5.705.662.720 денари (околу 92,76 милиони евра), што е зголемување од 230,32% во споредба со 2023 година;

- Во 2024 година не се реализирани трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во сопственост на државата, како ни трансакции преку јавни понуди на хартии од вредност;

- Во 2024 година се реализирани 2 трансакции преку продажби на акции по пат на јавни берзански аукции за големи пакети во вкупна вредност од 472.678.442 денари (околу 7,68 милиони евра);

| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | Јануари - Декември 2023 | Јануари - Декември 2024 | % промена |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 11.896 | 23.492 | 97,51 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 82 | 254 | 209,76 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА | 0 | 0 | - |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | 0 | 2 | - |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ | 0 | 0 | - |
| **ВКУПНО** | 11.978 | **23.748** | **98,26** |

- Во структурата на прометот на Берзата остварен во 2024 година доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со 53,64% учество во вкупниот промет, блок трансакциите имаат учество од 42,57%, јавните берзански аукции за големи пакети имаат учесто од 3,53%, додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2024 година беше незначително (околу 0,26%);

- На крајот на 2024 година на Официјалниот пазар беа котирани акции на 92 друштва, од кои 24 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација, 64 друштва на подсегментот Задолжителна котација и 4 друштва долгорочно суспендирани од котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 30.12.2024 година достигна 341,74 милијарди денари (околу 5,56 милијарди евра), што изнесува околу 36% од БДП (што е пораст од 15,38% во споредба со пазарната капитализација од БДП за 2023 година) и бележи пораст од 52,42% во споредба со 2023 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува 22,78 милијарди денари (околу 370 милиони евра) и бележи зголемување од околу 20,66% во споредба со 2023 година;

| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | Јануари - Декември 2023 | Јануари - Декември 2024 | % промена |
|---|---|---|---|
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ | 231.354.679.050 | **351.088.371.522** | **51,75** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 224.205.310.387 | 341.736.721.694 | 52,42 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 7.149.368.663 | 9.351.649.828 | 30,80 |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ | 18.882.548.756 | **22.784.294.768** | **20,66** |
| ПАЗАРНА КАП. НА ДРУГИ ХВ | 307.464.000 | 0 | - |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | 250.544.691.805 | **373.872.666.290** | **49,41** |

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2024 година изнесуваше 10.200,91 што е за 66,78% повисока во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2023 година кога изнесуваше 6.116,23 поени.

| | Јануари - Декември 2023 | Јануари - Декември 2024 | % промена |
|---|---|---|---|
| МБИ10 | 6.116,23 | **10.200,91** | **66,78** |
| ОМБ | 125,05 | **124,10** | **-0,76** |
| БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА | 93 | **92** | **-1,08** |
| БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ | 244 | **244** | **0,00** |

Подолу, презентираме и споредбен приказ на вкупниот берзански промет во последната деценија. Од истиот е видливо дека вкупниот промет на Берзата во 2024 година е со најголем износ во овој период.




## 3.2. КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ (БЕСТ СИСТЕМ)

Во текот на 2024 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 7.223.877.617 денари (околу 117 милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2024 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2024 година.

| *Месец* | *Официјален пазар* | | | *Редовен пазар* | | *Промет во денари* | *Промет во ЕВРА* | *Бр. на трансакции* | *Бр. на ден. на трг.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Друг и ХВ | Акции | Обв рз. | | | | |
| I | 350.274.865 | 67.293.825 | 0 | 676.700 | 0 | 418.245.390 | 6.785.359 | 1.625 | 20 |
| II | 609.350.819 | 89.888.300 | 0 | 1.168.777 | 0 | 700.407.896 | 11.352.761 | 2.311 | 21 |
| III | 417.319.063 | 43.602.512 | 0 | 1.031.660 | 0 | 461.953.235 | 7.504.211 | 1.453 | 21 |
| Q I | 1.376.944.747 | 200.784.637 | 0 | 2.877.137 | 0 | 1.580.606.521 | 25.642.331 | 5.389 | 62 |
| IV | 377.430.426 | 2.002.408 | 0 | 2.333.247 | 0 | 381.766.081 | 6.208.179 | 1.504 | 20 |
| V | 414.072.248 | 1.965.614 | 0 | 84.290 | 0 | 416.122.152 | 6.765.243 | 1.574 | 18 |
| VI | 421.346.817 | 17.306.845 | 0 | 1.396.792 | 0 | 440.050.454 | 7.148.268 | 1.663 | 19 |
| Q II | 1.212.849.491 | 21.274.867 | 0 | 3.814.329 | 0 | 1.237.938.687 | 20.121.690 | 4.741 | 57 |
| VII | 1.253.917.318 | 3.866.197 | 0 | 8.153.198 | 0 | 1.265.936.713 | 20.584.995 | 2.712 | 23 |
| VIII | 385.131.977 | 3.868.639 | 0 | 4.006.650 | 0 | 393.007.266 | 6.391.180 | 1.551 | 20 |
| IX | 450.060.015 | 3.103.410 | 0 | 1.930.042 | 0 | 455.093.467 | 7.400.628 | 1.820 | 20 |
| Q III | 2.089.109.310 | 10.838.246 | 0 | 14.089.890 | 0 | 2.114.037.446 | 34.376.803 | 6.083 | 63 |
| X | 714.231.183 | 22.892.020 | 0 | 1.137.530 | 0 | 738.260.733 | 12.005.391 | 1.808 | 21 |
| XI | 693.028.010 | 8.677.542 | 0 | 5.996.332 | 0 | 707.701.883 | 11.508.516 | 2.411 | 21 |
| XII | 812.354.358 | 25.619.818 | 0 | 7.358.170 | 0 | 845.332.346 | 13.746.475 | 3.060 | 20 |
| Q IV | 2.219.613.551 | 57.189.380 | 0 | 14.492.032 | 0 | 2.291.294.962 | 37.260.382 | 7.279 | 62 |
| вкупно | **6.898.517.099** | **290.087.130** | 0 | **35.273.388** | 0 | **7.223.877.617** | **117.401.206** | **23.492** | **244** |




Движењето на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во последната деценија е даден подолу. И во оваа категорија прометот во 2024 година бележи рекордно ниво.




## 3.3. СТРУКТУРА НА ПРОМЕТ ОД КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ ПО СЕГМЕНТИ

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2024 година (7,18 милијарди денари) е остварен преку 23.310 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 99,51%. Од тоа, 6,90 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (95,96%) при што се склучени 22.789 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 290,08 милиони денари (4,04%) и истиот е остварен преку 521 трансакција.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (35,27 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2024 година со 0,49% и 182 трансакции. Прометот остварен на Редовниот пазар на Берзата со акции на Слободниот пазар изнесува 22,93 милиони денари (65,02%) при што се склучени 89 трансакции, додека прометот остварен со акции на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување изнесува 12,34 милиони денари (34,98%) при што се склучени 93 трансакции.

Структура на прометот




Структура на остварени трансакции




## 3.4. БЛОК ТРАНСАКЦИИ

### 3.4.1. АДМИНИСТРАТОРСКИ БЛОК ТРАНСАКЦИИ

Во 2024 година на Берзата беа пријавени вкупно 87 администраторски блок трансакции во вкупна вредност од 4.508.395.625 денари (околу 73,30 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 31.448.000 | 510.050 | 2 |
| | Берзанска котација | 4.177.016.297 | 67.921.742 | 71 |
| | Задолжителна котација | 52.689.282 | 856.601 | 6 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 247.242.046 | 4.019.930 | 8 |
| Вкупно | | 4.508.395.625 | 73.308.323 | 87 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 79 блок трансакции во вкупна вредност од 4,26 милијарди денари (69,28 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 8 блок трансакции во вкупна вредност од 247,24 милиони денари (4 милиони евра).

### 3.4.2. СИСТЕМСКИ БЛОК ТРАНСАКЦИИ

Во 2024 година на Берзата беа склучени вкупно 167 системски блок трансакции во вкупна вредност од 1.197.267.096 денари (околу 19,45 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| Официјален пазар | Супер котација | 313.106.221 | 5.086.839 | 39 |
| | Берзанска котација | 719.469.745 | 11.694.456 | 100 |
| | Задолжителна котација | 107.262.780 | 1.743.140 | 20 |
| Редовен пазар | Слободен пазар | 57.428.350 | 933.889 | 8 |
| Вкупно | | 1.197.267.096 | 19.457.324 | 167 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 159 блок трансакции во вкупна вредност од 1,13 милијарди денари (18,52 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 8 блок трансакции во вкупна вредност од 57,42 милиони денари (934 илјади евра).

## 3.5. УЧЕСТВО НА СТРАНСКИ И ДОМАШНИ ИНВЕСТИТОРИ ВО ВКУПЕН ПРОМЕТ

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека 340.307.142 денари (околу 5,53 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (2,57%), додека 436.640.717 денари (околу 7,09 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (3,30%).




## 3.6. ИНДЕКСИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

### 3.6.1. МБИ10

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

- вредност на МБИ10 на 30.12.2024 изнесува 10.200,91 индексни поени, што значи зголемување од 66,78% во споредба со вредноста на индексот постигната на 28.12.2023 година (6.116,23 индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2024 година е постигната на 30.12.2024 година (10.200,91 индексни поени).
- најниска вредност на индексот во 2024 година е постигната на 02.01.2024 година (6.154,42 индексни поени).




| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 17.06.2024 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и УНИ Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија - 01.07.2024 година. |
| 16.12.2024 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје и Реплек АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.12.2024 година |

Процентуална промена на цените на елементите на МБИ10 во 2024 година[6]




[6] Во овој приказ не е прикажана процентуалната промена на цената на акциите на Реплек АД Скопје, со оглед на тоа што Реплек АД Скопје стана составен дел од индексот МБИ10 со датумот на имплементација на извршената ревизија, односно од 30.12.2024 година.

Вредност на МБИ10 од неговото воведување по години
(со состојба 31.12)




## 3.6.2. ОМБ

- вредност на ОМБ на 30.12.2024 изнесува 124,10 индексни поени, што значи намалување од 0,76% во споредба со вредноста на индексот постигната на 28.12.2023 година (125,05 индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2024 е постигната на 09.01.2024 година (125,47 индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2024 е постигната на 18.06.2024 година (122,22 индексни поени).



| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 17.06.2024 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17, RMDEN18 RMDEN19, RMDEN20, RMDEN21 и RMDEN22 | Датум на имплементација на извршената ревизија - 01.07.2024 година. |
| 16.12.2024 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN18, RMDEN19, RMDEN20, RMDEN21 и RMDEN22 | Датум на имплементација на извршената ревизија - 30.12.2024 година. |

## 3.7. СТРУКТУРА НА ПРОМЕТОТ ПО ЧЛЕНКИ

Остварениот берзански промет во 2024 година е реализиран преку активностите на 11 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2024 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции.

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Вредност - блок | % Вредност - блок | Вредност - ЈБА (големи пакети) | % ЈБА (големи пакети) | Вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еурохаус АД Скопје | EH | 3.798.701.610 | 26,29 | 3.311.183.824 | 29,02 | 902.314.700 | 95,45 | 8.012.200.134 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 2.876.024.996 | 19,91 | 4.547.074.129 | 39,85 | 0 | 0,00 | 7.423.099.125 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 3.602.390.866 | 24,93 | 609.391.960 | 5,34 | 21.521.092 | 2,28 | 4.233.303.918 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 795.718.938 | 5,51 | 1.316.956.194 | 11,54 | 0 | 0,00 | 2.112.675.132 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 648.645.290 | 4,49 | 723.667.968 | 6,34 | 0 | 0,00 | 1.372.313.258 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 859.441.525 | 5,95 | 343.410.128 | 3,01 | 0 | 0,00 | 1.202.851.652 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 701.269.119 | 4,85 | 329.784.206 | 2,89 | 0 | 0,00 | 1.031.053.325 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 518.026.178 | 3,59 | 125.551.772 | 1,10 | 21.521.092 | 2,28 | 665.099.042 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 444.528.779 | 3,08 | 98.312.760 | 0,86 | 0 | 0,00 | 542.841.539 |
| Шпаркасебанка АД Скопје | SP | 190.403.723 | 1,32 | 5.992.500 | 0,05 | 0 | 0,00 | 196.396.223 |
| Халк Банка АД Скопје | HK | 12.604.212 | 0,09 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 12.604.212 |
| **Вкупно** | | **14.447.755.235** | **100** | **11.411.325.441** | **100** | **945.356.884** | **100** | **26.804.437.560** |

Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Еурохаус АД Скопје со учество од 29,89%. На второ и трето место се Илирика Инвестментс АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје со учество од 27,69% и 15,79%, соодветно во 2024 година.




## 3.8. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на годината редовно се спроведуваа и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити);
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 41 нова хартија од вредност);
- промена на назив на 2 друштва;
- Согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, беа блокирани акции издадени од 1 друштво;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- известување за неработни и нетрговски денови на Берзата согласно заклучоците на Владата наРепублика Северна Македонија;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, достасување на обврзници, отворени стечајни постапки над друштва, преобразба на друштво од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност, одлука за поделба на акции и др.);
- изготвување и објава на календар на денови на тргување;
- ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар од состојба „тргува“ во состојба „отстранета“;

## 3.9. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на целата 2024 година редовно беа изготвувани надзорни прегледи за структурата и динамиката на прометот на дневно, неделно и месечно ниво, со цел што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови.

Исто така, Македонската берза АД Скопје вршеше редовна вонтеренска контрола на членките на Берзата од аспект на пазарните однесувања на одредена членка, брокер или инвеститорска сметка кои можат да претставуваат индикации за неправилност (значајно придвижување на цени на хартии од вредност, front running, специфични вкрстени трансакции, индиции за верижно тргување, повлекување од прекинувачки аукции и сл.).

Согласно Програмата за работа на Македонска берза во 2024 година, Берзата изврши вонтеренски контроли на сите членки базирани на проценка за ризичноста на работењето.

Области-предмет на контрола беа:

- Налози кои се менувани во поглед на цената (ракувани) во текот на тргувањето
- Тргување од вработени и принципал
- Трансакции кои предизвикале голема промена на цената, особено од сметки кои се редовни клиенти на членката
- Останати апекти кои може да произлезат при проверка на бараната документација.

Покрај тоа, беше извршена и проверка на состојбата и промените во сопственичката структира на членките на Берзата.

За извршените контроли, како и за наодите и констатациите од истите Берзата изготви збирен Извештај од вонтеренските контроли и за истиот го информираше Одборот на директори за констатираните состојби, како и за покарактеристичните наоди кои што беа утврдени при самите контроли, односно постапувањата на Берзата во врска со истите.

# КОТАЦИЈА



# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА

На почетокот од 2024 година на Официјалниот пазар на Македонската берза бројот на друштва кои имаат котирани хартии од вредност изнесуваше 94, со пазарна капитализација од 224,21 милијарди денари, како и 215 обврзници (211 државни и 4 корпоративни) со пазарна капитализација од 18,88 милијарди денари.

На крајот од 2024 бројот на друштва кои имаат котирани хартии од вредност се намали на 93, со пораст на пазарната капитализација на 341,74 милијарди денари, што претставува пораст од 52,42%. На крајот од 2024 година бројот на котирани обврзници се зголеми на 220 (217 државни обврзници и 3 корпоративни обврзници) со пазарна капитализација од 22,78 милијарди денари, што претставува пораст од 20,66%. Во пресметката на пазарната капитализација на обврзниците се земаат хартиите од вредност со кои некогаш имало тргување (со континуирани државни обврзници имаше тргување во 2024 година). Во текот на 2024 година на подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност котирани се две перпетуални обврзници кои на крајот од 2024 година немаа пазарна капитализација поради тоа што со истите немало тргување.

## 4.2. КОТАЦИЈА НА НОВИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 4.2.1. КОТАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ

Во текот на 2024 година по добиено барање и доставен проспект од страна на Министерството за финансии на РСМ беше котирана 1 државна обврзница, Дваесет и третата емисија на обврзниците за денационализација со вкупен износ на емисијата од 1,5 милиони евра.

### 4.2.2. КОТАЦИЈА НА КОНТИНУИРАНИ ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ

Согласно потпишаниот Договор помеѓу Министерството за финансии на РСМ и Македонска берза АД Скопје, во 2024 година на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, беа примени на котација 26 емисии на државни обврзници во вкупен номинален износ од 54.162.270.000 денари (2023 30.723.500.000).

## 4.3. ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД КОТАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

- По поднесено барање од издавачот Уни Банка АД Скопје, а поради извршен целосен откуп на емисијата перпетуални обврзници, беше извршено исклучување од котација на перпетуални обврзници - прва емисија издадени од Уни Банка АД Скопје, со ИСИН MKBLBA200011 и шифра на тргување UNIPO.
- Поради трансформација на акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност, беа исклучени од котација акциите издадени од Единство АД Струмица со ИСИН MKEDIN101016 и со шифра EDIN.

- Заради достасување беше отстранета од тргување Тринаесеттата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN13) издадена од Република Македонија.
- Заради достасување, беа отстранети 20 емисии на континуирани обврзници издадени од Република Северна Македонија во вкупна номинална вредност од 19.922.230.000 денари (2023: 12.090.740.000).
- Заради достасување беше отстранета од тргување корпоративната обврзницата издадена од ТТК Банка АД Скопје со шифра ТТКО.

## 4.4. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ПРАВИЛА ЗА КОТАЦИЈА

### ДОЛГОРОЧНА СУСПЕНЗИЈА ОД КОТАЦИЈА

За четири друштва, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Благој Туфанов АД Радовиш, Трудбеник АД Охрид и Тајмиште АД Кичево на сила е мерката за долгорочна суспензија од котација. Во текот на 2024 година немаше промена во статусот на овие друштва.

За друштвото Агромеханика АД Скопје Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 20.12.2024 година донесе Одлука за долгорочна суспензија од котација, поради континуирано неисполнување на обврските согласно Правилата за котација. Одлуката стана правосилна на почетокот на 2025 година.

### ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН КОТИРАНИ ДРУШТВА НА ПОДСЕГМЕНТОТ БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА

Во текот на 2024 година беа испратени укажувања од Главниот извршен директор на две котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2024 година Одборот на директори на Берзата изрече мерки укажување од Одбор на директори на три котирани друштва, заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2024 година Одборот на директори на Берзата изрече мерки опомена од Одбор на директори на седум котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Одборот на директори изрече три мерки јавна опомена преку интернет страната на Берзата на две друштва.

### ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ КОН КОТИРАНИ ДРУШТВА НА ПОДСЕГМЕНТОТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА

Во текот на 2024 година беа испратени укажувања од Главниот извршен директор на седум котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2024 година Одборот на директори на Берзата изрече мерки укажување од Одбор на директори на девет котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2024 година Одборот на директори на Берзата изрече 42 мерки опомена од Одбор на директори на 27 котирани друштва заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Во текот на 2024 година Одборот на директори изрече шест мерки јавна опомена преку интернет страната на Берзата на пет котирани друштва.

Во текот на 2024 година Одборот на директори изрече една мерка Бришење од Листа за набљудување, на едно котирано друштво, согласно член 57 од Правилата за котација.

## ЛИСТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

На Листата за набљудување се внесуваат издавачи кои котираат на Официјалниот пазар поради:

а) изречена мерка од страна на Берзата - во случаи на посериозно непостапување од страна на издавачот согласно барањата утврдени во Правилата за котација;
или
б) обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени актуелни состојби поврзани со конкретниот издавач - во случаи на поспецифични ситуации поврзани со хартиите од вредност или со работењето на издавачот.

Во Листата за набљудување на веб страната на Берзата во 2024 беа внесени пет котирани друштва, согласно член 61-а од Правилата за котација заради информирање на инвеститорите дека треба да обрнат внимание на одредени специфични ситуации поврзани со нивните хартии од вредност или пак за издавачот:

- Единство АД Струмица со почеток од 11.01.2024 година, поради објавена одлука за трансформација во д.о.о.
- Реплек АД Скопје со почеток од 07.05.2024 година, поради отпочнување на постапка за спроведување на поделба на акции и промена на номинална вредност на акции.
- Стопанска банка АД Битола со почеток од 05.08.2024, поради тоа што беше објавена намера за преземање на друштвото.
- Герас Цунев Конфекција АД Струмица со почеток од 25.10.2024 година, поради тоа што беше објавена намера за преземање на друштвото.
- Герас Цунев Трговија АД Струмица со почеток од 25.10.2024 година, поради тоа што беше објавена намера за преземање на друштвото.

Во текот на 2024 од Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа отстранети седум котирани друштва, односно Берзата изврши бришење:

- на 29.03.2024 година на издавачот Жито Полог АД Тетово, поради тоа што заврши постапката за преземање на друштвото.
- на 02.04.2024 година на издавачот Макпетрол АД Скопје, поради тоа што заврши

постапката за преземање на друштвото.

- на 14.06.2024 година на издавачот Единство АД Струмица, поради тоа што друштвото ја заврши постапката за трансформација во д.о.о. и обичните акции на издавачот беа исклучени од котација.
- на 28.06.2024 година на издавачот Осигурување Македонија АД Скопје, поради тоа што издавачот ја заврши постапката за статусни промени кај друштвото.
- на 15.07.2024 година на издавачот Реплек АД Скопје, поради тоа што издавачот ја заврши постапката за статусни промени кај друштвото.
- на 27.09.2024 година на издавачот Стопанска банка АД Битола, поради тоа што заврши постапката за преземање на друштвото.
- На 18.11.2024 година донесена е Одлука од Одборот на директори за бришење на издавачот Пелистерка АД Скопје од „Листата за набљудување" што се објавува на веб страница на Берзата, согласно член 57 од Правилата за котација, поради исполнети обврски за објава од страна на друштвото.

Во продолжение се презентира Листата за набљудување на веб страната на Берзата со состојба 31.12.2024 година.

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСЕРИОЗНИ НЕПОСТАПУВАЊА ВО ОДНОС НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ОБВРСКИТЕ ПО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| / | / | / | / | / |

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСПЕЦИФИЧНИ СИТУАЦИИ И НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ НИВНОТО РАБОТЕЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| 11.11.2020 | ЖАС АД Скопје | ZAS | член 61-а од Правила за котација | • објава на издавачот дека нема деловна активност<br>• објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Агромеханика АД Скопје | AMEH | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека нема деловна активност |
| 11.11.2020 | РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје | RZIT | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Стокопромет АД Скопје | STOK | член 61-а од Правила за котација | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 30.05.2022 | Герас Цунев Конфекција АД Струмица | GECK | член 61-а од Правила за котација | • донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о.<br>• објавена намера за преземање на друштвото |
| 30.05.2022 | Герас Цунев Трговија АД Струмица | GECT | член 61-а од Правила за котација | • донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о<br>• објавена намера за преземање на друштвото |
| 12.08.2022 | Неметали Огражден АД Струмица | NEME | член 61-а од Правила за котација | донесена одлука за преобразба на друштвото во д.о.о |

## 4.5. ОБЈАВЕНИ ИЗВЕСТУВАЊА ПРЕКУ СЕИ-НЕТ

| *Објави на СЕИ-Нет во 2024* | *Супер котација и Берзанска котација* | *Задолжителна котација* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| ***Број на друштва кои имаат котирани хартии од вредност*** | ***25*** | ***68*** | ***93*** |
| Други ценовно чувствителни информации | 373 | 481 | 854 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 225 | 500 | 725 |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 174 | 392 | 566 |
| **ВКУПНО** | **770** | **1373** | **2145** |

Во текот на 2024 година беа направени и 12 објави преку СЕИ-Нет од страна на друштво кое беше исклучено од котација во текот на годината, со што бројот на вкупни објави преку СЕИ-Нет е 2.157 објави. Од 68 друштва на сегментот Задолжителна котација, 4 друштва се долгорочно суспендирани од котација и тие немаат обврска да објавуваат известувања.

## КОДЕКС ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Примената на Кодексот е задолжителна за сите котирани акционерски друштва што исполнуваат одредени квантитативни критериуми пропишани во Правилата за котација. Применувањето на Кодексот се базира на принципот „примени или појасни зошто не си применил“. Овој принцип има за цел да им овозможи на друштвата одредена флексибилност при имплементирање на практиките утврдени и пропишани во новиот Кодексот.

Согласно член 42-а и член 63-а од Правилата за котација, Берзата на својата интернет страница го објави ажурираниот список со состојба на 31.12.2024 година на акционерски друштва коишто имаат обврска за примена на Кодексот. Во продолжение е листата на друштва коишто имаат обврска да известат во 2025 година за примената на Кодексот за корпоративно управување со состојба 31.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| 1 | Алкалоид АД Скопје |
| 2 | Гранит АД Скопје |
| 3 | Комерцијална Банка АД Скопје |
| 4 | Македонијатурист АД Скопје |
| 5 | Макпетрол АД Скопје |
| 6 | Макстил АД Скопје |
| 7 | НЛБ Банка АД Скопје |
| 8 | Стопанска банка АД Скопје |
| 9 | ТТК Банка АД Скопје |
| 10 | УНИ Банка АД Скопје |
| 11 | Стопанска банка АД Битола |
| 12 | ВВ Тиквеш АД Кавадарци |
| 13 | Витаминка АД Прилеп |

| | |
|---|---|
| 14 | ЗК Пелагонија АД Битола |
| 15 | Либерти АД Скопје |
| 16 | Македонски Телеком АД Скопје |
| 17 | Прилепска пиварница АД Прилеп |
| 18 | Реплек АД Скопје |
| 19 | Тетекс АД Тетово |
| 20 | Тутунски комбинат АД Прилеп |
| 21 | Фершпед АД Скопје |
| 22 | Цементарница УСЈЕ АД Скопје |
| 23 | Адинг АД Скопје |
| 24 | Раде Кончар - Апаратна техника АД Скопје |

## ИЗБОР ЗА НАЈТРАНСПАРЕНТНО КОТИРАНО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА 2024 ГОДИНА

Во текот на 2024 година беа спроведени активностите за избор на кандидати за доделување на наградата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво" за друштвата што котираат на Официјалниот пазар на Македонската берза за 2024 година.

При разгледувањето на транспарентноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на 2024 година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и друго.

Во 2024 година кандидационата комисија номинираше 10 кандидати за најтранспарентно котирано акционерско друштво, а од листите се бираа две награди за најтранспарентно котирано акционерско друштво - едната по избор на пазарните учесници и другата награда по избор на медиумите.

И пазарните учесници и медиумите за најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2024 година го избраа Алкалоид АД Скопје.

# ЧЛЕНСТВО



# 5. ЧЛЕНСТВО

Во текот на поголемиот дел од 2024 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 10 членки на Берзата (5 банки и 5 брокерски куќи), преку кои тргуваа 30 овластени брокери со пристап до БЕСТ системот. Во месец септември се зголеми бројот на членки за една нова членка, односно по претходна одлука од Одборот на директори на Берзата, Халк Банка АД Скопје беше примена во членство на Берзата и почнувајќи од месец ноември членката започна активно да ги користи правата од членство во Берзата и да тргува со хартии од вредност преку тројца овластени брокери. Оттука, на крајот на година, Берзата имаше 11 членки (6 банки и 5 брокерски куќи), преку кои тргуваа 33 овластени брокери со пристап до БЕСТ системот.

Во текот на годината, Берзата остваруваше активна соработка со членките преку испраќање на известувања и одржување на состаноци, со цел нивно информирање за новини и измени поврзани со тргувањето со хартии од вредност и членството, како и со цел разменување на идеи и предлози за подобрување на пазарните услови и функционирањето на берзанската инфраструктура. На барање на членките, Берзата организираше полагање на испити за познавање на БЕСТ системот за нововработените брокери и вршеше активирање/суспендирање на правата за користење на БЕСТ системот од страна на овластените брокери. Берзата континуирано обезбедуваше и help-desk поддршка на членките при користење на софтверскиот систем за брокерско работење.

## Преглед на активни членки на 31.12.2024 година

| Членка | Шифра на членка | Активности кои ги врши членката согласно член 94 и 99 од ЗХВ | Број овластени брокери |
|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | сите активности со хартии од вредност (освен дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност) | 6 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | сите активности со хартии од вредност | 3 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>тргување на странски пазари | 3 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | | 2 |
| Шпаркасе банка АД Скопје | SP | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>тргување на странски пазари<br>вршење дополнителни услуги за издавачите | 3 |
| Халк Банка АД Скопје | HK | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | чување на хартии од вредност<br>преземање на акционерски друштва<br>вршење дополнителни услуги за издавачите | |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | IL | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>инвестициско советување<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари | 4 |
| ТТК Банка Скопје | TK | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>принципал тргување<br>јавна понуда, со и без задолжителен откуп<br>покровител за котација<br>преземање на акционерски друштва | 3 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација<br>тргување на странски пазари | 2 |
| Иново Брокер АД Скопје<br>Фершпед Брокер АД Скопје | IN<br>FR | тргување и продавање на хв по налог и за сметка на клиент<br>покровител за котација | 2<br>2 |

# АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДРШКА



# 6. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА

## 6.1. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на оваа година, во рамки на активностите поврзани со БЕСТ системот, беа реализирани редовни системски одржувања и контроли на податочните бази на сите модули на системот. Прегледите покажаа стабилност и непречено функционирање на БЕСТ, без евидентирани неправилности.

Паралелно со одржувањето, во текот на годината се работеше на развој и имплементација на неколку нови функционалности, при што се очекува негово финализирање во првиот квартал од 2025 година. По завршувањето на развојот, планирано е тестирање на новата верзија и нејзино успешно пуштање во продукција.

БЕСТ системот е клучна информациска платформа на Берзата поради што е со постојан фокус за подобрување на неговата ефикасност, безбедност и функционалност.

## 6.2. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАЗВОЈОТ НА НОВОТО АПЛИКАТИВНО РЕШЕНИЕ НА СЕИНЕТ

Во текот на 2024 година беа спроведени значајни активности поврзани со развојот, тестирањето, миграцијата на податоци и продукциското пуштање на новото апликативно решение на СЕИНет. Овој процес вклучуваше повеќе фази, од корекција на грешки, адаптација на податоците и корисничките профили, до успешно имплементирање на продукциското опкружување и понатамошна поддршка на оваа нова верзија.

Во првата половина од годината, акцентот беше ставен на корекција на грешки воочени во тест-фазата од страна на Секторот за деловни операции. Секоја корекција или воведување на нова функционалност беше проследена со автоматска објава на нова тест-верзија преку CI/CD алатки, што овозможи континуирана валидација на сите промени.

Во вториот квартал започна процесот на миграција на базата на податоци од старата во новата апликација. Во оваа фаза беа идентификувани разлики во процесот на автентификација на корисниците, што наложи соодветна корекција за овозможување на користење на старите криптирани лозинки.

Третиот квартал беше клучен за завршување на миграцијата, имплементацијата на автоматизирано поставување на апликацијата и подготовките за продукциско пуштање. На 18.10.2024 година, новата верзија на СЕИНет беше успешно пуштена во продукција. По овој процес, веб-страницата на Берзата беше пренасочена да ги вчитува податоците од новата апликација.

Во последниот квартал на 2024 година, активностите беа насочени кон поддршка на новото апликативно решение и подготовка за негова примена во согласност со член 166-б од Законот за хартии од вредност (ЗХВ). Во таа насока беа конфигурирани дополнителни продукциски опкружувања и автоматизиран процес за поставување на јавниот дел за објави.

Со ова процесот на развој и имплементација на новиот СЕИНет беше успешно заокружен, а апликацијата продолжува да функционира во стабилен продукциски режим со активна поддршка и натамошни подобрувања.

## 6.3. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО БРОКЕРСКАТА АПЛИКАЦИЈА BROKER OFFICE

Во рамките на активностите поврзани со одржувањето на апликацијата за позадинско брокерско работење, беше реализирана редовна поддршка на брокерските куќи и имплементација на нови функционалности согласно барањата на корисниците. Една од клучните новини беше развојот на функционалност за криптирање на испратените извештаи до клиентите по e-mail, со цел зголемување на заштитата на личните податоци. Ова решение беше поставено на тестно опкружување, а неговата финална примена зависи од барањата на поединечните членки.

Во текот на годината, значајна активност беше и интеграцијата на новата членка – Халк Банка АД Скопје. Во првиот квартал беше креирано тестно опкружување за банката, а во следните месеци се вршеа неопходните конфигурации за нејзино приклучување кон системот. Во третиот квартал беа реализирани подготовките за продукциско пуштање, вклучувајќи подесување на шеми за книжење, сметки и други параметри, со цел да се овозможи непречена транзиција кон продукциското опкружување. Како резултат на темелните подготовки, во четвртиот квартал беше успешно пуштена во продукција инстанца на Broker Office за Халк Банка АД Скопје. Овој процес се реализираше брзо и без потешкотии, што ја потврди стабилноста и ефикасноста на спроведените активности. Со оваа имплементација, дополнително беше зајакната функционалноста на апликацијата за позадинско брокерско работење, овозможувајќи подобрена поддршка за корисниците и повисоко ниво на сигурност во работењето.

## 6.4. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НОВАТА ВЕРЗИЈА НА БЕРЗАНЕТ

Во текот на 2024 година се работеше на финализирање на апликацијата БерзаНЕТ, со голем број корекции, подобрувања и доработки. Исправени се грешки, прецизирани се извештаите и направени се промени во графичкиот дизајн за подобро корисничко искуство. Апликацијата е пуштена во тест употреба и се очекува да стане главен извор на извештаи за податоците од тргувањето. Нејзиното целосно пуштање во употреба е планирано за првиот квартал од 2025 година.

## 6.5. WEB СТРАНА НА БЕРЗАТА

Во текот на овој квартал се направи анализа за воведување на нова функционалност на web страната на Берзата кој ќе опфати промени во делот за прикажување на корпоративни активности и преземање на податоците за објавите согласно член 166-б од ЗХВ од новото апликативно решение СЕИНет. Исто така, се изврши и корекција на делот за приказ на цените на инструментите после извршен сплит на бројот на издадени хартии од вредност. Во последниот квартал од 2024 година беше извршена промена во делот на приказ на финансиските показатели за поединечен издавач, при што за овие податоци беше земена во предвид и корпоративната активност поделба на акции.

## 6.6. НОВИ ФУНКЦИОНАЛНОСТИ НА БЕСПЛАТНИТЕ ПОДАТОЧНИ ФИДОВИ

Во текот на првиот квартал од 2024 година, на апликацијата Free MSE Feeds беа додадени две нови фукционалности кои овозможуваат прибирање на податоци за  инвестициските фондови и тоа: вредност на инвестициски фондови и принос на инвестициски фондови во период од 30 денови наназад. Со оглед на тоа што се работи за сервисна апликација, истата беше успешно тестирана од страна на вработените во Секторот за информатичка и техничка поддршка, а по успешното тестирање беше ставена во продукција.

## 6.7. РЕАЛИЗИРАНИ НАБАВКИ

На почетокот на 2024 година во рамки на планираните набавки за заедничкиот дата центар со ЦДХВ беше реализирана набавка на нова firewall уред. По составање на барањето за понуда истото беше испратено до шест добавувачи, а по добиените корегирани цени од двата најдобри понудувачи беше прифатена најповолната понуда.

Исто така, поради дотраеност на лаптоп уредите, а согласно планиратите набавки во Програмата за работа на Берзата за 2024 година, беше извршена набавка на три нови лаптоп компјутери.

## 6.8. МИГРАЦИЈА НА НОВ FIREWALL УРЕД

Активности за миграција на набавените нови firewall уреди, со цел подобрување на безбедноста и стабилноста на мрежната инфраструктура беше реализирана во неколку фази. Како прв чекор, беше неопходно да се извршат корекции на подесувањата на IP SEC VPN конекциите со сите дата вендори, со што се зголеми безбедноста на комуникацијата. Оваа постапка се реализираше со одредени предизвици, бидејќи секоја промена бараше одобрување од вендорите преку нивните интерни процедури. Процесот заврши во вториот квартал од, со што беа создадени предуслови за започнување на миграцијата на новите firewall уреди.

Во третиот квартал од годината, се продолжи со имплементацијата на новите firewall уреди, при што се применуваше фаза по фаза стратегија за намалување на ризиците. Во координација со ЦДХВ, беа дефинирани неколку фази, вклучувајќи конфигурација на надворешни сервиси (web, mail), подесување на рутирање, конфигурација на пристап за членките, како и дефинирање на default gateway. Со ваквиот пристап се овозможи постепено префрлање на работата на новите уреди, а првичниот план предвидуваше целосна транзиција до средината на ноември.

Во текот на четвртиот квартал, процесот на миграција се соочи со одредени технички предизвици, особено во однос на неправилно рутирање на пакетите кај одредени интерфејси. Овие проблеми беа детално анализирани и успешно решени, но поради сложеноста на конфигурацијата беше донесена одлука да се продолжи тест периодот за дополнителна валидација и минимизирање на ризиците. Со оваа се осигури дека новите firewall уреди ќе бидат целосно функционални и стабилни пред нивното конечно пуштање во продукција што се планира за идната година.

## 6.9. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ПОДДРШКА СИСТЕМОТ ЗА ТРГУВАЊЕ НА ALSE

Во текот на 2024 година се работеше континуирано одржување на системот за тргување на берзата во Тирана, а во месец Декември се продолжи со соработка со оваа берза за период од три години, под истите услови како досега.

# ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ



# 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во оваа област на нејзиното работење во текот на 2024 година сумарно се одбиваа во следните пунктови:

## 7.1. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Берзата се одржа на 28.03.2024 година. И оваа година, како и минатата, во поканата за 40-тата седница за Годишното собрание на акционерите на Берзата им беше укажано на законската можност за кореспондентско гласање по точките од дневниот ред за седницата. Во таа смисла, во рамки на поканата и материјалите за седницата на собранието кои на акционерите им беа доставени во електронска форма по препорачана пошта, беа доставени и соодветни инструкции и обрасци за кореспондентско гласање.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата беа усвоени одлуки/разгледани материјали од следните области:

| ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | ФИНАНСИИ И РЕВИЗИЈА | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ | ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | РАБОТЕЊЕ НА ОДБОРОТ |
|---|---|---|---|---|
| • Одлука за усвоување на Извештајот за работа на Македонска берза АД Скопје во 2023 година<br>• Одлука за донесување на Програмата за работа на Берзата за 2024 година | • Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2023 година<br>• Разгледување на Извештајот на независните ревизори за 2023 година<br>• Одлука за усвојување на ревидираните финансиските извештаи на Берзата за 2023 година;<br>• Одлука за избор на ревизор за 2024 и 2025 година | • Одлука за распоредување на добивката за 2023 година | • Разгледување Годишниот извештај за внатрешна ревизија на Берзата за 2023 година | • Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2023 година, колективно и од аспект на поединечни членови<br>• Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Одборот во 2023 година<br>• Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Берзата |

## 7.2. ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Поради истекот на мандатот, Собранието на акционери на Берзата на ден 28.03.2024 година донесе Одлука бр. 02-318/1 за избор на членови на Одборот на директори, по што се одржа и конститутивна седница на Одборот на директори. Согласно собраниската одлука за избор на членови на Одборот на директори на Берзата досегашните членови на Одборот продолжија да ја извршуваат оваа функција и во новиот мандат во времетраење од четири години. На конститутивната седница за Претседател на Одборот е реизбран г-дин Тони Стојановски. Воедно, на оваа седница беше донесена и Одлука за именување на г-дин Иван Штериев за Главен извршен директор на Берзата, во нов мандат, за што беше добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност за извршување на оваа функција на ден 19.04.2024 година.

Во текот на 2024 година Одборот на директори одржа вкупно 9 (девет) седници. Во 6 (шест) наврати, согласно Деловникот за работа, Одборот на директори одлучуваше без одржување на седница.

## 7.3. КОМЕНТАРИ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ И АНАЛИЗА НА ПРОЦЕСОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ СО НОВИТЕ ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ

Во текот на месец март 2024 година, беа донесени и објавени во Службен весник на РСМ новите закони од областа на пазарот на хартии од вредност - Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност и Законот за финансиски инструменти. Законите ќе започнат да се применуваат во рок од 18 месеци од влегувањето во сила, односно од месец септември 2025 година, а во рок од 12 месеци по започнувањето на примената, односно до септември 2026 година сите пазарни учесници, вклучително и Берзата ќе треба да се усогласат со истите.

Врз основа на новиот Закон за финансиски инструменти, од страна на Комисијата за хартии од вредност, меѓу другото, беа подготвени поголем број од предлог-правилници со кои подетално се регулира работењето на Берзата како пазарен оператор и како организатор на регулиран пазар и други места на тргување, кои беа објавени за јавна расправа на интернет страницата на Комисијата во четвртиот квартал. Берзата достави детални коментари и забелешки речиси на сите предложени правилници кои во основа беа базирани на компаративна анализа на подзаконските акти од земјите во регионот и релевантните ЕУ акти, при што, поголемиот дел од коментарите и забелешките беа прифатени од страна на регулаторот.

Со цел планирање на постапките и активностите кои Берзата треба да ги преземе за усогласување со новите закони и подзаконските акти во предвидениот рок, како и со цел навремено отпочнување на подготовките, имплементирање на потребните промени и поднесување на барањата за одобренија од Комисијата кои се однесуваат на управувачката, организациската, пазарната и информациската поставеност на Берзата, беше изработена Анализа за усогласувањето и истата беше доставена до Одборот на директори на Берзата во месец декември. Во Анализата, освен временската рамка во која треба да бидат преземени активностите за усогласување, даден е осврт и на новите акти кои треба да бидат донесени заради регулирање на целокупното работење на Берзата во иднина, како и на трошоците кои во моментот може да се антиципираат како во однос на надоместоците што треба да се платат кон регулаторот, така и во однос на тие што ќе настанат како резултат на одредени софтверски промени што треба да се направат, интерните функции што треба да се воспостават, промени во системот на управување, евентуално користење на надворешни ресурси итн.

Новите законски решенија, особено Законот за финансиски инструменти предвидува сеопфатно менување на досегашниот концепт на работење на Берзата, како во управувачка така и во оперативна смисла. За сите усогласувања кои Берзата ќе треба да ги направи во наредниот период ќе биде изработен детален акциски план во првиот квартал на 2025 година.

## 7.4. АКТИ НА БЕРЗАТА

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2024 година, Берзата донесе нови акти, односно измени и дополнувања на постојните, и тоа следните:

### 7.4.1. ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА БЕРЗАТА

Во првата половина на 2024 година, беше донесен нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на Берзата со цел подобрување на ефикасноста во извршување на работните задачи од страна на вработените на Берзата и постигнување на баланс на работните задачи и позиции помеѓу секторите. Притоа, организационите единици каде што се врши основната дејност на Берзата, односно организирањето на секундарен пазар на хартии од вредност, активностите поврзани со информатичката и техничката поддршка на берзанското работење и активностите поврзани со развојот, промоцијата и односите со јавност, ќе бидат организирани на секторско ниво, додека другите активности поврзани со работењето на Берзата ќе останат како и досега организирани во оддели или самостојни работни позиции. Како резултат на реорганизацијата, воведени се определени нови работни позиции, извршени се одредени допрецизирања на постоечките или се додавани нови работни задачи на одредени позиции, а исто така, извршено е и преименување на називите на одредени организациони единици, со цел посоодветно издвојување на активностите што се извршуваат во рамки на истите.

### 7.4.2. ТАРИФНИК ЗА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА БЕРЗАТА

Во средината на 2024 година, беа направени измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците кои ги наплатува Берзата кои, првенствено, произлегоа од зголемената стапка на инфлација во изминатите неколку години, непроменетоста на некои приходни ставки во подолг временски период и нивното ниско ниво во споредба со другите берзи во регионот, непостоење на тарифни ставки за некои услуги кои ги врши Берзата итн. Најзначајниот дел од измените се однесуваат на промената во методологијата за пресметка на годишниот надоместок за котација, односно се направи дистинкција на пресметката на надоместокот за котација во зависност од пазарниот подсегмент и учеството на определена хартија од вредност во берзански индекс МБИ10.

Измените и дополнувањата на Тарифникот беа одобрени од страна на Комисијата за хартии од вредност и истите започнаа да се применуваат од средината на месец јуни, 2024 година.

### 7.4.3. ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТЕН РЕД И ДИСЦИПЛИНА

Со цел нормативно и систематизирано уредување на работниот ред и дисциплината на вработените во Берзата, беше донесен соодветен Правилник со којшто, освен што се утврдија правилата, се регулираа и однесувањата кои се сметаат за повреда на правилата за работен ред и дисциплина, дисциплинската постапка и мерки кои би се преземале во врска со сторените повреди од страна на вработените на Берзата.

### 7.4.4. ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСИ И ПРОЕКТИ

Со донесување на Политиката за управување со процеси и проекти се воспостави ефективен и ефикасен систем за управување со оваа проблематика и се уреди начинот на управување со ризикот од управувањето со процеси и проекти. Со оваа Политика подетално се регулира целта, основните начела и основните функционални активности во управувањето со процеси и проекти, како и улогата и одговорностите на лицата инволвирани во спроведувањето на истата.

### 7.4.5. ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Правилник за внатрешна ревизија на Берзата кој беше донесен во првата половина на годината подетално ја уредува целта и задачите на внатрешната ревизија, улогата, одговорностите и овластувањата, видот и начинот на извршување на задачите на внатрешната ревизија, условите за избор на внатрешен ревизор, како и организациската поставеност и односите на внатрешната ревизија со организационите единици на Берзата.

### 7.4.6. ПРОЦЕДУРИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГОДИШНИ НАГРАДИ НА БЕРЗАТА

Поради се поголемата атрактивност на годишните награди на Берзата за пазарните учесници и за пошироката јавност, беа донесени посебни нови Процедури за доделување на наградите, со кои нормативно се уреди досегашната праскса во доделување на наградите и попрецизно се утврдија категориите на годишни награди кои се доделуваат и се утврди составот на соодветните комисии и постапката за доделување на истите. Освен веќе воспоставените категории на награди, во Процедурите се предвидува можност за воведување на нови категории на награди коишто би се доделувале во иднина од страна на Берзата.

### 7.4.7. ОДЛУКА ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА

Со цел поедноставување на постапката и зголемување на ефикасноста при изрекување на мерки кон котираните друштва во случаите на непочитување на обврските од Правилата за котација, беше донесена Одлука за изрекување на мерки за непочитување на Правилата за котација во определени случаи, согласно која беше определено дека во случаите на непочитување на обврските од Правилата кои се поврзани со објавувања за кои се предвидени конкретни рокови, ќе се постапува на автоматизиран и унифициран начин при изрекување мерки во иднина, земајќи ги предвид дополнителни околности изречно предвидени во Одлуката.

## 7.5. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА КОТИРАНИТЕ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО КОДЕКСОТ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ И РАБОТИЛНИЦИ СО КОТИРАНИТЕ ДРУШТВА

Со цел подетално разгледување на резултатите од Извештајот за следење на усогласеноста на котираните акционерски друштва со Кодексот од минатата година, како и со цел подобрување на начинот на известување по Кодексот, на почетокот на 2024 година беа одржани две работилници со котираните друштва кои имаат обврска за известување за своите корпоративни практики. На работилниците беа разменети искуства и се дискутираше за начинот на обезбедување на поголема јасност и прецизност на информациите што се обелоденуваат и беа појаснети и прецизирани некои од прашањата за усогласеноста со Кодексот содржани во прашалниците.

Во текот на третиот квартал беше изготвен вториот Извештајот за следење на усогласеноста на котираните акционерски друштва со Кодексот за корпоративно управување кој се однесуваше на корпоративните практики на друштвата во претходната година. Со цел да се нотира трендот во напредокот на усогласеноста на друштвата со Кодексот, во овој втор извештај се дава компаративна анализа на податоците за усогласеноста во 2022 и 2023 година. Иако беше извршена анализа на податоците за секое друштво поединечно, во поглед на неговата усогласеност со одредбите на Кодексот, информациите за нивото на усогласеност на друштвата

со Кодексот во овој Извештај се презентирани збирно за сите котирани друштва и се базирани на проценката што самите друштва ја навеле за нивната усогласеност со Кодексот, при што Извештајот не навлегува во оценка на квалитетот на нивните практики на управување и известување.

Анализата на Берзата на одговорите од прашалниците на 26-те котирани друштва на кои се применува Кодексот покажа дека вкупниот процент на усогласеност на друштвата во 2023 изнесува 79%, што претставува благ пораст во споредба со степенот на усогласеност со Кодексот во 2022 година кога истиот изнесуваше 76% и се однесуваше на 28 котирани друштва.

Во продолжение ги издвојуваме следните покарактеристични резултати од овој Извештај:

Приказ 1: Компаративен преглед на усогласеноста со Кодексот за 2022 и 2023 година






Приказ 2: Компаративен преглед на просечните проценти на усогласеност со Кодексот по делови за 2022 и 2023 година




Дел 1: Права на акционерите и односи со акционерите (15 прашања)
Дел 2: Надзорен одбор (34 прашања)
Дел 3: Управен одбор (11 прашања)
Дел 4: Судир на интереси (4 прашања)
Дел 5: Ризик и контрола (14 прашања)
Дел 6: Засегнати лица, одржливост и прашања од општествен интерес (7 прашања)
Дел 7: Транспарентност и објавување (4 прашања)

Овој извештај беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата и беше објавен на интернет страната на Берзата.

## 7.6. ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА И КОМИСИЈАТА ЗА КОТАЦИЈА

Со цел усогласување на составот, надлежностите и мандатот на Дисциплинската комисија и Комисијата за котација со Процедурите за формирање на комисии и работни тела на Берзата кои беа донесени во декември 2023 година, беа донесени одлуки со кои се именуваа членови во овие комисии со мандат од две, односно четири години.

## 7.7. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Исполнувањето на законската обврска за вршење на внатрешна ревизија на Берзата се остварува преку надворешен соработник за внатрешна ревизија. Од страна на надворешниот соработник беше изготвен Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2023 година и истиот беше разгледан и усвоен од страна на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата на седницата во месец јануари 2024 година. Поради долгогодишниот ангажман на надворешниот соработник и потребата за ротација на оваа функција, во месец јануари оваа година, Одборот направи избор на ново лице за вршење на внатрешна ревизија за потребите на Берзата во 2024 година и го усвои Годишен план за ревизија за 2024 година подготвен од страна на новоизбраниот надворешен соработник. Во текот на годината беа спроведени планираните ревизии за 2024 година и извештаите за истите беа усвоени од страна на неизвршните членови на Одборот на директори.

## 7.8. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА РАБОТНИТЕ ГРУПИ/ПРОЕКТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА НОВИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА

Во 2024 година, претставниците на Берзата учествуваа во работата на работната група во проширен состав за правото на трговски друштва, формирана од Министерството за економија. Во рамки на оваа работна група, беше одржана јавна расправа за Предлог-Законот за трговските друштва на која присуствуваше претставник на Берзата и на која беа разгледани коментарите од јавната расправа за истиот, по што од Министерството за економија беше испратена и верзијата на Предлог-законот за трговските друштва по добиените коментари.

## 7.9. АКТИ ВО ВРСКА СО ПРОБЛЕМАТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА БЕРЗАТА

Согласно Стратегијата и Политиката за управување со ризици на Берзата, на почетокот на година беше изготвен План за редовна проценка на ризиците од општото деловно работење на Берзата. Со овој План се прави проценка на очекувани настани коишто може да влијаат на деловното работење на Берзата, особено ако се има предвид фактот дека општите ризици од деловното работење на Берзата се постојано присутни и истите произлегуваат од повеќе различни, но меѓусебно поврзани фактори (вработени, управување со Берзата, организација на работните процеси и др.).

## 7.10. АКТИВНОСТИ НА БЕРЗАТА ОКОЛУ ПРОМОЦИЈА НА ESG ИЗВЕСТУВАЊЕТО

Во текот на годината Берзата преку свои претставници активно учествуваше во повеќе едукативни и промотивни настани, работилници и конференции поврзани со промоција на концептот на ESG известување, а со цел подобрување на корпоративните практики на друштвата за информирање на инвеститорите околу прашањата поврзани со животната средина, општествената одговорност и управувањето и интегрирање на овој концепт во бизнис моделите на друштвата.

## 7.11. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Во текот на извештајниот период, Берзата континуирано ги исполнуваше своите обврски согласно Правилникот за безбедност и здравје при работа во насока на обезбедување безбедни работни услови и здрава работна средина и со цел исполнување на законските обврски. Проверката на истото беше направена од страна на надворешно овластено правно лице од областа на безбедност и здравје при работа ангажирано од Берзата, на квартална основа. Исто така, беше спроведена и обука за безбедност и здравје при работа за новвработените лица во Берзата.

## 7.12. ПОСТАПКИ ЗА ВПАРИЧУВАЊЕ-ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ СТЕКНАТ ВО СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Во текот на година беа реализирани активности во врска со впаричување-продажба на недвижен имот стекнат од страна на Берзата во стечајни постапки над должниците Жито Вардар АД Велес и ТК Боро Петрушевски-Папучар АД Куманово. Кон крајот на годината беше добиена понуда за откуп на побарувањето што Берзата го има пријавено во стечајната постапка на РЖ КПОР АД Скопје-во стечај која ќе биде реализирана во наредната година.

## 7.13. ДОСТАВУВАЊЕ ОДГОВОРИ НА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА И ДОПИСИ

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, воглавно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 7.14. СУДСКИ И НОТАРСКИ ПОСТАПКИ

Со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници по основ на долг за годишниот надомест за котација, беа преземени потребните дејствија пред нотар, односно извршител.

## 7.15 УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со цел зголемување на довербата и соработката помеѓу вработените, јакнење на тимскиот дух и вештини, како и со цел со тимска работа да се постигнат подобри резултати при извршувањето на секојдневните работни обврски, во месец ноември беа преземени тим билдинг активности.

## 7.16. ИЗВЕСТУВАЊА ДО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во текот на 2024 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност на РСМ, како и други акти, извештаи и известувања согласно Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари

# 8. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА БЕРЗАТА ИЗРАБОТЕНА ОД EBRD



Во рамки на Проектот на EBRD за изработка на среднорочна стратегија на Берзата којшто започна уште во текот на 2023 година, од страна на ангажираните консултанти беше направена дијагностичка студија врз основа на која беше изработена Стратегијата за среднорочен развој на Берзата. Одборот на директори на својата седница одржана на 16.07.2024 година ја разгледа и позитивно ја оцени Стратегијата, при што истата беше земена како појдовна основа за идентификација на приоритетите на Берзата на среден рок, согласно расположливите ресурси и реалните можности на Берзата.

Врз основа на примарните и секундарни развојни можности на Берзата што беа идентификувани од страна на консултантите во Стратегијата, како примарни развојни можности беа издвоени развојот на примарен пазар на државни обврзници, промоција и развој на пазар на растечки компании, стратегија за натамошна соработка со ЦДХВ АД Скопје, идни чекори во соработката со Загрепската берза и зголемување на визибилноста и знаењата за пазарот на хартии од вредност. Во рамките на секундарните развојни можности, акцентот ќе биде ставен на поддршката и поттикнувањето за воведување на т.н. market makers за најзначајните хартии од вредност и за државните хартии од вредност, котација на странски хартии од вредност, зајакнување на корпоративно управување и поддршка на можности за континуирана финансиска анализа на хартии од вредност и инвестициски препорак

# ЕДУКАТИВНИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1. ОДРЖАНИ ПРЕДАВАЊА И ПРЕЗЕНТАЦИИ

#### Предавања

Со цел подигање на нивото на финансиска едукација и запознавање со улогата на Берзата во рамките на финансискиот систем во државата, Берзата во текот на 2024 година одржа предавања на повеќе од 300 ученици и студенти, кои имаа можност да се запознаат подетално со активностите и развојот на Берзата и развојот на пазарот на хартии од вредност и тоа:



студенти од Универзитет Американ Колеџ – Скопје
ученици од СЕПУГС " Васил Антевски - Дрен " - Скопје
ученици од средно музичко училиште Илија Николовски-Луј од Скопје
ученици од СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија
студенти од Економски факултет Скопје
ученици од СУГС Арсени Јовков Скопје
учесници на Европскиот квиз на пари во организација на Македонската Банкарска Асоцијација
студенти од Меѓународниот Балкански Универзитет
студенти од Правниот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од Штип
ученици од средното економско училиште СОЕПТУ,,Кузман Јосифоски –Питу Прилеп

#### Обуки и работилници



Во рамките на соработката со Академијата на Загрепската берза, на 02.04.2024 година се одржа онлајн обука на тема „Поддржувачи на ликвидност на пазарот“.



На 17.06.2024 година, се одржа обука на тема ,,Односи со инвеститори“. Обуката ја следеа над 30 претставници од 15 акционерски друштва што котираат на Берзата. Предавач на обуката беше Иван Колар, Директор на Секторот за односи со инвеститори во хрватската компанија INA Grupa.



На 11.09.2024 година се одржи бесплатна онлајн обука на тема „Принципи на пазарите на капитал“ со Проф. д-р Кирил Јовановски од Економскиот факултет во Скопје.



Македонска берза се приклучи во одбележувањето на седмото издание на Деновите на финансиска писменост што се одржа од 26-ви до 28-ти ноември 2024 година.



Од 2ри до 4ти декември, во соработка со Комисијата за хартии од вредност и Институтот на директори, успешно се одржа третата обука за корпоративни секретари. Обуката ја проследија вкупно 20 учесници од 16 компании.

Одржани 2 on-line работилници на кои присуствуваа вкупно 50 претставници од 26 котирани компании кои имаат обврска да известуваат за примена на Кодексот за корпоративно управување.

Во рамките на соработката на Македонската берза и Активноста на УСАИД, на 21.05.2024 година се одржа работилница на тема “Македонска берза на хартии од вредност: Состојби, активности и иницијативи”.

Во рамките на соработката на Македонската берза и Активноста на УСАИД, на 05.06.2024 година се одржа работилница на тема: “Запознавање со законските измени поврзани со трансформација на претпријатијата во акционерски друштва“

## 9.2. ПРИСУСТВО НА ОБУКИ И НАСТАНИ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД БЕРЗАТА

Во текот на 2024 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани:

На ден 08.02.2024 година, претставници на Берзата учествуваа на завршниот настан од проектот „Зајакнување на улогата на корпоративниот сектор на Северна Македонија преку интегрирање на одржливи принципи за инвестирање„ на Американската комора (Amcham) каде беа презентирани резултатите од направената проценка на подготвеноста и зрелоста за ESG на македонскиот корпоративен сектор и беа споделени искуства за најдобрите ESG практики на македонските компании во нивното работење.

Претставници на Берзата присуствуваа на обуката Вовед во ETF – ови, во организација на Академијата на Загрепската берза.

На 26.02.2024 година, претставник на Берзата присуствуваше на онлајн предавање за родовата рамноправност и пазарите на капитал во организација на Загрепска берза и UN Sustainable Stock Exchanges Initiative.

Од 13-15 март 2024 година, се одржаа сесии на TAIEX експертската мисија кои беа спроведени од страна на претставници од Агенцијата за надзор на финансиските услуги на Република Хрватска. Пред вработените од Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза АД Скопје и од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје беа презентирани теми од областа на транспарентноста на акционерските друштва, инвестициските друштва, местата за тргување и овластените депозитари согласно релевантните ЕУ директиви и регулативи од областа.

Претставници на Берзата учествуваа на конференцијата на Women on Boards Adria (Жени во органи на управување Јадран) со наслов „Успешни жени за успешен регион“

Главниот извршен директор на Берзата учествување на панел дискусија на конференцијата „Како да комуницираме за животната средина во растечката еколошка криза: Практични искуства и нови перспективи“, во организација на Институтот за комуникациски студии (ИКС).

На покана на Економскиот факултет при Универзитетот во Тетово, Главниот извршен директор учествуваше на тркалезна маса за учеството на жените во финансиите на тема Empowering Women in Finance - Shattering the Glass Ceiling („Поддршка на жените во финансиите-рушење на бариерите”). Настанот беше фокусиран на улогата на жените во финансиите со дискусија за различни аспекти на родовата еднаквост, предизвиците со кои се соочуваат жените во финансиската индустрија, можностите за зајакнување и стратегиите за промовирање на инклузивноста.

Претставник на Берзата учествуваше на панел дискусија за имплементација на ЕСГ стандарди на конференција во организација на ВВ Тиквеш.

ЕБОР во соработка со Македонска берза и Комисијата за хартии од вредност оранизираа настан за промоција на платформата на ЕБОР за е-учење

Главниот извршен директор присустуваше на Десеттата меѓународна конференција, во организација на Народната банка и Комитетот за преобразување на Бретон Вудс (КПБВ).

Претставници на Берзата присуствуаа на единаесеттото издание Erste Investors’ Breakfast, конференција во организација на Ерсте Групацијата и Шпаркасе Банка АД Скопје. Конференцијата беше можност за размена на Искуства за актуелните случувања на домашниот и на глобалниот пазар, а се разменија и мислења на тема инфлација и нејзините влијанија меѓу домашните и странските гости, аналитичари и експерти.

Претставник на Берзата присуствуваше на работилница за финасиска писменост, како дел од Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија (составена од претставници на регулаторните институции, здруженијата на приватниот сектор и граѓанскиот сектор).

Претставник на Берзата учествуваше во тренинг програмата за ESG наманета за јавниот секотор, а во организација на AmCham и Министерството за финанасии.

Претставници на Берзата редовно земаа активно учество во работните групи на различни теми, а во организација на Федерацијата на Евроазиски берзи.



## 9.3. ВИРТУЕЛНА БЕРЗА – ЕДУКАТИВЕН ПОРТАЛ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Во текот на 2024 година, преку инфраструктурата на апликацијата на едукативната игра Виртуелна берза, беа активни учесниците на 3-те посебни лиги, како дел од образовниот процес и тоа:



- Посебна лига за Економски факултет при Универзитетот во Тетово;
- Посебна лига за Универзитет Американ Колеџ – Скопје;
- Посебна лига за Економски факултет Скопје УКИМ;

Преку
300
учесници

## 9.4. ГЛОБАЛНА ИНИЦИЈАТИВА “RING THE BELL FOR GENDER EQUALITY 2024“

Македонска берза и годинава беше учесник во Иницијативата “Ring the Bell for Gender Equality“. Темата за оваа година е “Инвестирајте во жените: Забрзајте го напредокот“, со што токму на Меѓународниот ден на жената се подигнува свеста за родово одговорно финансирање преку подобрување на пристапот на жените до финансиските пазари и промовирање на поголемо учество на жените во органите на управување на компаниите.




По овој повод, на 08.03.2024 година, ѕвоното на Македонска берза заеднички го заѕвонија претставници на топ менаџментот на три успешни компании што котираат на Македонска берза, Бранка Славеска, Генерален директор на Винарска Визба Тиквеш, Марија Дуковска-Павловска, Генерален директор на Макстил и Марија Јосифовска-Спасовска, член на Управниот одбор на Макпетрол.

Ова е десетта кампања на Иницијативата „Да заѕвониме за родова рамноправност“ поддржана од над 110 берзи, а којашто е партнерство помеѓу Меѓународната финансиска корпорација (IFC), Светската федерација на берзи (WFE), Иницијативата за одржливи берзи (SSE), во која Македонската берза е учесник, Глобалниот договор на ОН, UN Women и Women in ETFs за промовирање на родовата еднаквост на пазарите на капитал.

Родова анализа на органите на управување на котираните акционерски друштва на Македонска берза

Во функција на зајакнување на општествената свест за поттикнување на поголема родова рамноправност, Берзата повторно изработи кратка анализа за состојбите на овој план во органите на управување кај македонските котирани друштва.

## 9.5. ОДРЖАН НАСТАН “ЖЕНИТЕ И ПАРИТЕ – ЕМОЦИЈА ИЛИ РАЗУМ“

На 20.03.2024 година, Македонска берза и Капитал Финансиски Центар организираа заеднички настан за подигнување на финансиската писменост на жените. На панел дискусијата учествуваа Билјана Станковска Арсова од Капитал Финансиски Центар, Билјана Атанасовска од психолошкото советувалиште „Божилак“ и Каролина Каровска Божиноска од Македонска берза.

На настанот беше заклучено дека финасиската писменост игра голема улога за постигнување на финансиската слобода. Критичното разбирање на финансиските концепти, инструменти и стратегии овозможува жената да донесува интелигентни и информирани одлуки за своите финансии.

## 9.6. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГЛОБАЛНАТА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ

Со цел унапредување на финасиската писменост, Македонска берза и оваа година се приклучи кон одбележување на Глобалната недела на парите, која траеше до 24 март и се одбележуваше низ целиот свет. Едукативната кампања на тема “Заштити ги твоите пари, обезбеди ја твојата иднина” (Protect your money, secure your future) има мисија да ги поттикне младите да научат за парите, штедењето, како да инвестираат во својата иднина, да им помогне при вработување, да ги развие нивните финансиски вештини, како и да ја зајакне свеста за потенцијалните ризици во финансискиот сектор (сомнителни пораки, измами при купување преку интернет, како и ризици поврзани со приватноста на податоците, кражбата на идентитетот и заштитата на личните финансии).



Берзата, како дел од Глобалната недела на парите, подготви серија информативни видео материјали, со кои го приближува "берзанскиот говор" и овозможува да се продлабочи знаењето за инвестирањето во хартии од вредност. Берзанска азбука е проект чија улога е континуирана едукација на постоечките и идните инвеститори. Видеата од овој проект се достапни на интернет страната на Берзата.

## 9.7. ГЛОБАЛНА ИНИЦИЈАТИВАТА „ДА ЗАЅВОНИМЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ“

Македонска берза четврта година по ред се приклучува кон глобалната иницијатива „Да заѕвониме за финансиска писменост“ (Ring the Bell for Financial Literacy) на Светската федерација на берзи (World Federation of Exchanges - WFE), како поддршка на глобалната кампања „Светска недела на инвеститорот“ (World Investor Week - WIW) во организација на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност (International Organization of Securities Commissions - IOSCO).

По овој повод, на 16.10.2024 година се одржа тркалезна маса на тема „Младите и финансиите: Дали како општество ја подобруваме финансиската писменост и независност?“. Учесници во дискусијата беа Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, Редовен професор на Економски факултет – Скопје, УКИМ, Проф. д-р Душица Стевчевска-Србиноска – CPA, Вонреден професор на Факултет за деловна економија и организациони науки, УАКС, Проф. д-р Дарко Лазаров, Вонреден професор на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Проф. д-р Александар Стојков, Редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“. Модератор на настанот беше Иван Штериев, Главен извршен директор, Македонска берза Скопје.

Целта беше да се отвори поширока дебата за важноста од задржување и/или зголемување на атрактивноста на изучување на економијата и на финансиите во нашето општество, но и да се нагласи потребата од рано вклучување на младите во светот на финансиските пазари, како предуслов за нивна побрза индивидуална економска независност. Стана збор и за актуелните состојби и трендови во доменот на финансиската едукација кај нас, како и за клучните вештини кои им се неопходни на младите генерации.

## 9.8. ЕДУКАТИВЕН НАСТАН „ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР НА КАПИТАЛ“

Во пресрет на Светскиот ден на штедење, а заради развој и зголемување на финансиската писменост на младите, како и нивна активна улога и побрзо вклучување во светот на финансиите, во организација на Македонската берза се одржа едукативниот настан „Вклучување на младите на домашниот пазар на капитал“.

Целта на настанот одржан на 30 октомври 2024 година во кино Cineplexx беше поголема информираност на младите за можностите што ги нуди пазарот на капитал, како од аспект на градење на понатамошна кариера, така и за вложување во македонски хартии од вредност.

По воведното обраќање на Главниот извршен директор на Берзата Иван Штериев, студентите од повеќе факултети од целата држава ги проследија мотивациските говори на Петар Андреевски, Главен извршен директор, ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, Татјана Бојковска, Член на Управен Одбор, Сава пензиско друштво АД Скопје, Горан Марковски, Главен извршен директор на КБ Инвест АД Скопје и Билјана Станковска Арсова, Финансиски советник, Капитал Финансиски Центар Скопје.

Ова беше одлична можност за поврзување на младите со институции и експерти од домашниот пазар на капитал кои се подготвени да им помогнат и да ги насочат во нивниот професионален развој и управувањето со личните финансии базирано на релевантни и проверени информации.

Настанот е дел од веќе најавените активности на Берзата за популаризација и за поголема инклузија на младите на пазарот на капитал, коишто ќе продолжат и во наредниот период. Берзата ги охрабрува сите заинтересирани млади да се вклучат и со тоа да придонесат за свое професионално усовршување, но и за економскиот напредок на земјата во целина.

## 9.9. ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО 2024

На 19.11.2024 година се одржа предавање на тема „Што е IPO? Како и зошто компаниите да излезат на Берза?“, организирано во рамки на Глобалната недела на претприемништво 2024.

На предавањето подетално беше објаснето за: прибирањето на финансиски средства за раст преку IPO, бенефитите за компаниите од котирањето на берза, процесот за излегување на берза, како и за улогата на инвеститорите во целокупниот процес.
Ваквиот едукативни настан и вклучување во оваа иницијатива се во рамките на заложбите на Берзата за зголемување на финансиската писменост на граѓаните и популаризирање на инвестирањето во хартии од вредност, што ќе води и кон подобрено претприемништво, иновации и економски развој.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. ИНВЕСТИТОРСКИ ДЕН НА БЕРЗАТА

Петта година по ред на Македонска берза успешно се одржа „Инвеститорски ден" на којшто сите домашни физички лица имаа можност да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без да ги платат провизиите кон Берзата, Централниот депозитар на хартии од вредност и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи), во износ на остварен промет до 10.000 евра.




.

Иницијативата „Инвеститорскиот ден" ја прифатија и во неа активно се вклучија сите десет членки на Берзата и Централниот депозитар за хартии од вредност, а истата доби поддршка и од Комисијата за хартии од вредност.

### 10.2. РАБОТЕН СОСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ЕВРОАЗИСКИ БЕРЗИ (FEAS)

На 19.09.2024 година, во Охрид Македонска берза беше домаќин на работните состаноци на Федерацијата на евроазиски берзи (FEAS).



Македонската берза повторно е полноправна членка на FEAS од 2022 година, што и' овозможува целосно користење на сите придобивки и услуги што ги обезбедува оваа Федерација, како што се деловна и промотивна поддршка, размена на знаења и искуства, пристап до истражувања и публикации, можност за учество на настани во нејзина организација и слично.

### 10.3. ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Во период од 19-21 септември во Охрид во организација на Македонската берза Скопје се одржа 23-тата Годишна конференција на Берзата. Оваа година на овој настан присуствуваа преку 220 претставници од финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност, котираните компании и другите друштва, државните институции и универзитетите и сите останатите субјекти чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од вредност.

Годинава настанот беше организиран во два конференциски дена и на програмата беа три главни панела, интересни презентации, интевјуа на бина на теми поврзани со пазарите на капитал со триесетина говорници и панелисти од 10 различни држави.

Конференцијата со воведни обраќања ја отворија Министерката за финансии, г-ѓа Гордана Димитриеска Кочоска и Главниот извршен директор на Македонска берза АД Скопје г-дин Иван Штериев.

## 10.4. ГОДИШНИ НАГРАДИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА ЗА 2024 ГОДИНА

На 16.12.2024 година се одржа церемонија на доделување на Годишни награди на Македонска берза за 2024 година за котираните компании, членките на Берзата и други субјекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност.

Четврта година по ред, Македонска берза доделува годишни награди во повеќе категории, при што дел од наградените добитници се одредуваат врз основа на квантитативни податоци, како што се берзанскиот промет, цените, истргуваната количина на хв и бројот на трансакции. За овие награди пресекот согласно усвоената Методологија за доделување на наградите од страна на Одборот на директори на Берзата се прави вториот петок во декември. За останатиот дел од наградите одлучуваа специјални комисии составени од пазарни учесници, експерти и претставници на медиумите, а за наградата „Акција на годината“ пошироката инвестициска јавност преку анкета на сајтот на Берзата и Интернет порталот Фактор. Оваа година оствaривме нова соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија со која заедно доделивме неколку признанија за добри ESG практики.

Годинава на настанот беа доделени 12 награди во различни категории и 7 признанија.

**Добитници на Годишните награди на Македонска берза за 2024 година се:**

1. **Категорија „Акција со најголем промет во 2024 година“**

- Во конкуренција на акционерски друштва над 50 милиони евра пазарна капитализација добитник е Комерцијална банка АД Скопје.
- Во конкуренција на акционерски друштва под 50 милиони евра пазарна капитализација добитник е Стопанска банка АД Битола.

2. **Категорија „Акција со најголем пораст на цената во 2024 година“**

- Во конкуренција на акционерски друштва над 50 милиони евра пазарна капитализација добитник е Комерцијална банка АД Скопје.
- Во конкуренција на акционерски друштва под 50 милиони евра пазарна капитализација добитник е ТТК Банка АД Скопје.

3. **Категорија „Акција со најголем пораст на прометот во 2024 година“**

- Во конкуренција на акционерски друштва над 50 милиони пазарна евра капитализација добитник е ОКТА АД Скопје.
- Во конкуренција на акционерски друштва под 50 милиони пазарна евра капитализација добитник е Стопанска банка АД Битола.

4. Категоријата „Членка на годината за 2024 година“

- Членка на годината која има остварено најголем промет и трансакции од редовно тргување со акции – добитник е Еурохаус АД Скопје.
- Членка на годината која има остварено најголем промет и трансакции со обврзници – добитник е Комерцијална банка АД Скопје.



5. **Категорија „Најтранспарентно котирано акцинерско друштво за 2024 година“ - по избор на пазарни учесници**–добитник е Алкалоид АД Скопје.

6. **Категорија „Најтранспарентно котирано акцинерско друштво за 2024 година“ - по избор на медиуми**–добитник е Алкалоид АД Скопје.

7. **Во категоријата „Акција на годината за 2024 година по избор на јавноста“** – добитник е Алкалоид АД Скопје.

8. **Категорија „Годишна награда за придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност“** - добитник е Европската банка за обнова и развој. Имено, според мислење на Комисијата , ЕБРД веќе подолго време е најзначаен институционален поддржувач на Берзата (воспоставување на Тренинг Центарот на Берзата, поддршка на СЕЕ ЛИНК, новиот Кодекс за корпоративно управување, Водичот за ЕСГ известување итн.), а токму оваа година успешно се заврши проектот за изготвување на среднорочна развојна стратегија на Македонска берза АД Скопје и се отпочна со сличен проект во ЦДХВ АД Скопје, каде Берзата е најголем поединечен акционер.

9. **Со цел истакнување на добри практики кај котираните друштва, Македонска берза на Реплек АД Скопје му додели Признание за реализирано корпоративно дејство** - поделба на акциите во 2024 година.

10. **За прв пат годинава, Македонска берза во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија додели Признанија за добри ESG практики.** Селекцијата и изборот на компаниите беа извршени со вкрстување на направените анализи во текот на годината во овој домен и од двете институции, според различни критериуми. Признанијата се доделија на 2 котирани со доминантно домашен капитал, 2 котирани со доминантен странски капитал и 2 некотирани друштва. Признанија за добри ESG практики во 2024 година добија:

- Алкалоид АД Скопје
- Комерцијална Банка АД Скопје
- Либерти АД Скопје
- НЛБ Банка АД Скопје
- Гентерм Северна Македонија
- ПроКредит Банка АД Скопје

## 10.5. РАБОТНИ СРЕДБИ НА ЧЛЕНКИТЕ НА БУМ КЛУБОТ

Во текот на 2024 година, беа одржани три средби во рамките на редовните состаноци со компаниите, членки на Клубот БУМ (Берзата и Успешните во Македонија).



На **22.01.2024** година, во просториите на Македонска берза, се одржа работен состанок со компаниите, членки на Клубот БУМ. На состанокот присуствуваа и компании кои изразија интерес за членство во овој клуб, како и претставници на членките на Берзата. По обраќањата на Иван Штериев, Главен извршен директор на Берзата и Драган Давитков, Директор на PwC во нашата земја, презентации имаа претставници на берзата од Софија кои подетално го претставија нивниот „пазар за растечки компании“ којшто во Бугарија функционира веќе извесно време. Воедно, пред македонските компании, своите успешни приказни за излегување на берза и прибирање нов капитал ги споделија гостите од Бугарија од компаниите Impulse Growth, Smart Organic и MFG Invest.

Во текот на првиот квартал, претставници на Берзата беа во посета на компанијата Везе Шари ДОО. На средбата со менаџментот на компанијата беше дискутирано за можностите за финансирање на идните развојни проекти на компанијата преку пазарот на капитал.

На **21.05.2024** година, во просториите на PWC Северна Македонија, се одржа вториот работен состанок со компаниите, членки на Клубот БУМ.



Во рамките на оваа средба, пред членките на Клубот, специјална презентација имаше Иво Ивановски, Главен извршен директор на EuroTeleSites AG Vienna, компанија која во 2023 година се котираше на Виенска берза. Присутните имаа можност да се запознаат со спецификите на самата компанија, процесот на излегување на Берза, придобивките од самата котација и развојните планови на компанијата.

Покрај специјалната презентација, на средбата од страна на експертите од PWC, беше презентирана и разработена темата за пазарот на капитал и решавање на предизвиците со наследување и успешен пренос на бизнисот на новите генерации.



На **19.09.2024** година, во просториите на Македонска берза, во коорганизација на Берзата и PwC Македонија, се одржа нов редовен состанок со компаниите, членки на Клубот БУМ. На настанот беа поканети и присуствуваа основачи и/или наследници на основачите од редот на најуспешните семејни компании во Република Северна Македонија.

Пред присутните, специјална презентација имаше г-ѓа Ewelina Grzelak од PwC Полска, докажан експерт со над 15 години искуство во развивањето на семејни претпријатија, водечки авторитет во изработката на иновативни решенија за наследување на семејни бизниси и ко-основач на клубот Sukcesora на PwC. Г-ѓа Grzelak навлезе во клучни теми како што се планирање на сукцесијата кај семејните бизниси, усогласување на меѓугенерациските визии за иднината на бизнисот и вклучување на пошироки семејни групи во одлучувањето.

Во рамките на дисусијата Иван Мишев и Васко Соткароски од PwC Македонија се фокусираа на правните механизми за планирање и имплементација на сукцесија на семејните бизниси во македонскиот правен систем. Илчо Лазарески од Македонска берза подетално говореше за тоа како излегувањето на берза би можело да ги реши прашањата на сукцесија во компаниите. Интересните дискусии и споделените искуства обезбедија корисни насоки за сите учесници во насока на градење на одржливи мултигенерациски семејни бизниси.

Во текот на 2024 година, претставници на Берзата имаа комуникација и одржаа индивидуални состаноци со дел од компаниииите, членки на БУМ Клубот. Имено, по барање и искажан интерес за можноста за отпочнување на процес на трансформација на неколку компании на среден рок, одржани се посебни состаноци со цел споделување на информации за самиот процес. Индивидуални состаноци беа одржани со Солопром, Diners Club Macedonia, Унипласт и Неотел.

Во втората половина на 2024 година продолжи интензивната комуникација со ЕБРД за креирање посебен проект за поддршка на домашните компании кои своите развојни активности сакаат да ги финансисраат преку пазарот на капитал.

## 10.6. ПРОМОЦИЈА НА ПРОДУКТИТЕ НА БЕРЗАТА

Со цел континуирано присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата, во текот на 2024 година беа објавени:

- Објавени годишниот билтен за и месечните статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- Dashboard за клучните месечни показатели;

Објавени видео материјали од настаните во организација на Македонска берза.

Континуирано ажурирање на сумарниот преглед со податоците и карактеристиките на моментално котираните континуирани обврзници на Берзата.

Во првиот квартал од 2024 година, интерент страната на Берзата беше збогатена со нов материјал во делот на проектот Берзанска азбука.

Во првиот квртал од 2024 година, Берзата изработи сервис за податоците за вредноста на уделите и приносите на отворените инвестициски фондови што се објавуваат на нејзината веб страна, каде што со класичен http request може да се пристапи до структуирани податоци за инвестициските фондови во JSON или XML формат. Податоците од овој нов сервис на Берзата се достапни без надомест.

Промоција на првите менаџерски обраќања. Имено, Македонска Берза постојано вложува напори за зголемување на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, со цел поголема информираност на инвеститорите и пошироката јавност за работењето на котираните друштва, и при тоа ги следи и спроведува светските добри пракси што носат позитивни ефекти за визибилноста на котираните друштва и за ефикасно пазарно вреднување на нивните акции. Една од тие добри пракси е т.н. менаџерско обраќање, што вообичаено се врши при објавувањето на годишните резултати на друштвата, која за прв пат годинава започна да се имплементира и кај нас. Во рамките на оваа активност беа објавени вкупно три видео обраќања.

На интернет страната не Берзата беше објавен новиот годишен извештај за следење на усогласеноста на котираните друштва со ККУ.

Објава на остварените квартални резултати на котираните друштва во 2024 година на официјалната интернет страна на Берзата .

## 10.7. СОРАБОТКА СО МЕДИУМИ

**Интервјуа и гостувања на Главниот извршен директор**
Магазин Капитал
Емагазин
Повеќе гостувања и изјави за телевизиска и дигитиална редакција на Bloomberg Adria во Македонија

**Соработка**
За потребите на редакциите Берзата одговораше на новинарски барања за конкретни прашања и обезбедување на статистички податоци со цел анализа на тргувањето на Берзата.

## 11. ОБЈАВИ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА БЕРЗАТА СОГЛАСНО ЧЛЕН 166-Б ОД ЗХВ

Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување имаат обврска за известување на јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Во 2024 година преку интернет страната на Берзата беа администрирани и објавени вкупно 415 објави од акцинерските друштва на Слободен пазар.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



# 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 12.1. МАКЕДОНСКА БЕРЗА КАКО ДЕЛ ОД НАЈНОВАТА ИНИЦИЈАТИВА НА EBRD И СЕДУМ БЕРЗИ ОД РЕГИОНОТ НА ЦЕНТРАЛНА И ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Македонска берза стана дел од најновата иницијатива на Европската банка за обнова и развој (EBRD) и седум берзи од регионот на Централна и Југоисточна Европа, преку прифаќање на веќе потпишаниот Меморандум за разбирање минатиот месец, помеѓу EBRD и берзите од Братислава, Будимпешта, Букурешт, Љубљана, Варшава, Загреб и од Софија. Со приклучувањето на Меморандумот Македонска берза станува осма членка во оваа иницијатива и е единствена берза од држава што не е ЕУ членка.




Меморандумот за разбирање има за цел да ја поттикне регионалната берзанска соработка во идентификувањето и спроведувањето на суштински проекти во функција на развој на регионалните пазари на капитал и подобрување на економиите во целина, при што секоја берза ќе делува како рамноправен партнер. Клучните области на коишто ќе се фокусира соработката вклучуваат проширување на примарните пазари, подобрување на институционалната рамка за долгорочно штедење на домаќинствата, охрабрување на учеството на индивидуалните инвеститори, промовирање на развојот на нови технологии, зголемување на ефикасноста на регионалната инфраструктура на пазарот на капитал и споделување на најдобрите практики.

Македонска берза има долгогодишна определба за иницирање и вклучување во разни форми на берзански соработки и интеграции. Поканата да биде дел од оваа најнова иницијатива на EBRD и нејзиното вклучување во истата е дополнителен чекор во остварување на оваа стратешка цел.

## 12.2. МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

Меѓународните активности на Берзата во 2024 година беа фокусирани на:

### СЕЕ ЛИНК

- Функционирањето на СЕЕ Линк и одржување работни состаноци со цел обезбедување на непречено финансирање и работење на компанијата.

### ЕБРД

- Продолжи соработката со ЕБОР и избраната консултантската куќа во однос на комплетирање на проектот за изработка на развојна стратегија на Македонска берза.

- Претставници на Македонска берза одржаа состанок по кој следуваше електронска комуникација со претставници од Европската банка за обнова и развој, со цел разгледување на конкретен предлог за поддршка на компаниите членки во БУМ Клубот од страна на Банката.

## ФЕАС

- Во текот на 2024 година Македонска берза обезбедуваше статистички податоци и одговарање на прашалници поднесени од членките на Федерацијата. Се оствари учество во работата на комитетите во рамките на Федерацијата. На 19.09.2024 година, во Охрид Македонска берза беше домаќин на работните состаноци на Федерацијата на евроазиски берзи (FEAS).

## 12.3. УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ НАСТАНИ

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, претставници на Македонската берза и/или котираните компании на Берзата зедоа учество на следниве настани:

Во период од 17-21.04.2024 година во Узбекистан, Главниот извршен директор присуствуваше на стратешката сесија на која се дискутираа тековните состојби и идните активности на Федерацијата на Евро-Азиски берзи. Во рамките на посетата учествуваше на панел дискусија на конферецнијата во организација на оваа организација (ConFeas).

Главниот извршен директор присуствуваше на годишните конференци на Љубљанска и Загребска берза во Порторож и Ровињ.

Во период од 10-14.06.2024 година, претставник на Берзата присуступаше на 11th Onsite Training што се одржа во Ереван, Ерменија. Во рамките на настанот беа претставени спрецификите на ерменскиот пазар на капитал.

Претставник на Берзата во период 16-ти до 18-ти октомври 2024 година во Милано, присуствуваше на тренинг програма во рамките на Euronext Academy, а во организација на Федерацијата на Евроазиски Берзи;

Претставник на Берзата во октомври присутвуваше на самитот на мали берзи од Централна и Југоисточна Европа во организација на Виенска берза.

Во период од 20.11-22.11.2024 година, во Софија, Главниот извршен директор учествуваше во работната група на ЕБОР и берзите од Централна и Југоисточна Европа, а на 11.12.2024 година, се одржа уште еден состанок со работната група на ЕБОР и берзите од Централна и Југоисточна Европа, на кој Македонска берза присуствуваше онлајн.

## 13. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор до 30.06.2024<br>НЛБ Банка АД Скопје, помошник на Управниот Одбор од 01.07.2024 до 02.09.2024<br>НЛБ Банка АД Скопје, Претседател на Управен одбор од 03.09.2024<br><br>Македонска Берза АД Скопје-неизвршен член на Одбор на директори |
| Ивана Гажиќ | Загребска берза АД Загреб, Хрватска<br>Дејност: Управување на финансиски пазар | Загребска берза АД Загреб, Хрватска, Претседател на Управен одбор<br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Нина Неданоска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Шпаркасе банка АД Скопје – Заменик Претсетадел на Управен одбор<br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Славчо Филипчев | Грант Торнтон Консалтинг ДОО Скопје<br>Дејност: консултански, даночни и сметководствени услуги | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | КИБС АД Скопје – Претседател на Управен одбор<br>Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Управување со финансиски пазари | Македонска берза АД Скопје - Главен извршен директор<br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |

Остварените надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Тони Стојановски, г-ѓа Ивана Гажиќ, г-ѓа Нина Неданоска и г-дин Горан Анастасовски соодветно ќе бидат прикажани во Годишните извештаи на Стопанска банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје - соодветно на периодот на извршување на позициите, во ревидираните финансиски извештаи на Загрепска берза АД Загреб, во Годишниот извештај на Шпаркасе банка АД Скопје, односно во Белешките на ревизорските финансикси извештаи на КИБС АД Скопје, кои ќе бидат јавно достапни.

Годишните нето примања за 2024 година на другите неизвршни членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.925.987 денари, 906.000 денари и 1.665.600 денари.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Освен месечниот надомест, за неизвршните членови на Одборот на директори за 2024 година беше пресметан и годишен надомест, согласно претходно донесена одлука од Собранието на акционери. Износот на надоместоците на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2024 година е прикажан во глава 14 од овој Извештај.

Податоците за остварените примања на Главниот извршен директор од Берзата за 2024 година се прикажани во глава 14 од овој Извештај, а остварениот нето надоместок од извршувањето на функцијата неизвршен член во Одборот на директори во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје изнесува 217.943 денари.

# ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА



## 14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА

Во 2024 година Македонската берза АД Скопје оствари вкупни приходи во износ од 79.250.922 денари и истите се за 83,4% поголеми во споредба со приходите остварени во 2023 година, што се должи пред се' на зголемениот обем на тргување и значително повеќе остварени приходи од надомест за тргување оваа во споредба со минатата година, зголемувањето на надоместокот за котација (како резултат на измените и дополнувањата на Тарифникот направени оваа година), како и поради значително поголем износ на учество во добивката на Централниот депозитар за хартии од вредност оваа година во споредба со лани, како резултат на влогот на Берзата во ова друштво.

**Приходите остварени од камати и вложувања во финансиски инструменти** изнесуваат 2.485.471 денари и бележат пораст од 42,2% во однос на остварените во 2023 година, како резултат на поповолно пласирање на доспеани средства од орочени депозити, односно искористување на повисоките каматни стапки на пазарот и поголемиот износ на расположиви средства за пласирање.

Со состојба на 31.12.2024 година износот на **пласираните парични средства** на Берзата номинално изнесува 98,05 милиони денари. Покрај во орочени банкарски депозити, дел од средствата се пласирани во државни хартии од вредност и во отворени парични инвестициски фондови. Берзата има денарски депозити орочени на 12 месеци во следните банки: Шпаркасе банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), НЛБ Банка АД Скопје (10 милиони денари), ТТК Банка АД Скопје (10 милиони денари) и УНИ Банка АД Скопје (10 милиони денари) со каматни стапки што се движат од 2,8% до 3,25%. Друштвото поседува долгорочни државни хартии од вредност во номинална вредност од 31 милиони денари (државни обврзници со рочност од 7 и 15 години, со купони од 1,625 до 3,2%). Берзата има вложено 15 милиони денари во едногодишни државни записи издадени од Република Северна Македонија со купонска камата од 3,8% со достасување во април и септември 2025 година. Со состојба 31.12.2024 година Берзата поседува 26.621,0614 удели во паричниот фонд на друштвото КБ Инвест АД Скопје во вкупен износ од 3.737.203 денари, како и 15.329,6879 удели во паричниот фонд на НЛБ Фондови АД Скопје во вкупен износ од 2.023.950 денари. Како резултат на усогласување до објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2024 година остварени се приходи во износ од 204.517 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 2.689.988 денари, наспроти ланските 2.034.291 денари. Финансиските приходи во вкупните приходи учествуваат со 3,4%.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат 64.269.209 денари и се за 96,4% повисоки во однос на ланските 32.730.200 денари, како резултат на повеќе остварени приходи од надомест за тргување, како и поради зголемените приходи од котација и членство. Нивното учество во вкупните приходи изнесува 81,1%. Подолу, подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од 3.059.658 денари наспроти ланските 2.558.938 денари. Овој пораст од 19,6% е резултат на приемот во членство на Халк банк АД Скопје и уплатата на еднократниот надоместок по овој основ. Покрај членарини во оваа категорија на приходи спаѓаат надоместоци поврзани со користењето на БЕСТ системот, за користење на Берза-Нет, како и надоместоци за користење на станици за набљудување. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 3,9%.

- Од **надомест за тргување** во 2024 година се приходувани **46.132.540 денари** што претставува 58,2% од вкупните приходи во 2024 година. Надоместокот за тргување остварен во 2024 година е за 166,8% поголем во споредба со лани. Имено, кај приходот

по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 143,2% (од 10.785.335 денари во 2023 година на 26.230.912 денари во 2024 година), приходот од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи зголемување од 217% (од 5.672.720 денари во 2023 година на 17.979.110 денари во 2024 година), а приходот од тргувањето со обврзници е намален за 47,5% (од 826.106 денари во 2023 година на 433.838 денари во 2024 година). Остварен е и надомест од јавни берзански аукции на големи пакети на акции во износ од 1.488.080 денари, додека лани е приходуван надомест од тргување со други хартии од вредност во висина од само 9.254 денари.

- Согласно Програмата за работа на Берзата за 2024 година во месец мај 2024 година беа направени измени на Тарифникот за висината на надоместоците што ги наплатува Македонска брза АД Скопје. Како резултат на измените во Тарифникот направена е промена во начинот на пресметување на надоместокот за котација на акции. Со оглед на фактот дека новиот Тарифникот започна да се применува од 17.06.2024 година, во пресметката на годишниот надоместок 50% од износот е земен согласно сумите утврдени во стариот Тарифник, а 50% од износот е пресметан по новата методологија. Имајќи го ова предвид во 2024 година е остварен приход од котација од 8.673.441 денари, додека лани беа приходувани 6.675.000 денари, што претставува зголемување од 30%. Во 2024 година е остварен надомест од 1,2 милиони денари за котација на државните хартии од вредност, согласно важечкиот Договор со Министерството за финансии и приход од 366.000 денари од котацијата на шест корпоративни должнички хартии од вредност. Во 2024 година од **надоместоци за котација** е остварен вкупен приход од 10.239.441 денари, што е зголемување од 25% во однос на лани и истите учествуваат со 12,9% во вкупните приходи.

- Во 2024 година се остварени **приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон** во висина од **4.837.570 денари**, наспроти ланските 4.711.647 денари и истите учествуваат со 6,1% во вкупните приходи. Од диструбуција на податоци се приходувани 3.867.070 денари, а 970.500 денари од објави на веб согласно закон. Овие приходи се поголеми во однос на лани за 2,7%.

Во 2024 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од 7.103.005 денари, што претставува 9% од вкупните приходи, и истите се за 2,2% повисоки во однос на остварените во 2023 година. Во останатите приходи од дејност најголемо учество имаат приходите од превентивно одржување на софтверски систем, при што од одржување на софтверскиот систем за брокерско работење Берзата оваа година оствари приходи од 1.999.797 денари, наспроти ланските 1.846.770 денари (оваа година се приходувани дополнителни 2.000 евра од новата членка Халк банк), а од одржувањето на системот за тргување на берзата во Тирана приходувани се 1.356.451 денари, наспроти ланските 830.946 денари. Ова зголемување е резултат на зголемувањето на договорениот надоместок со оваа берза. Од спонзорства и котизации за учество на годишната конференција на Берзата остварен е приход од 1.694.344 денари, наспроти ланските 1.446.271 денари, од закуп на деловен простор се остварени 1.319.134 денари (1.185.347 денари во 2023 година), а по основа на приходи од сомнителни и спорни побарувања остварени се 221.621 денари. Од закуп на медиумски простор Берзата има приходи од 251.718 денари, а во категоријата останати приходи од дејност спаѓаат приходи од обуки од 78.344 денари, од наплатени судски трошоци во висина од 47.534 денари, приходи од хостирање на апликација 49.500 денари и други приходи од 1.172 денари.

Берзата оствари учеството во добивката на Депозитарот во висина од 5.183.376 денари како **удел во добивка на придружено друштво.**

Остварени се **приходи** од 5.344 денари по основ на курсни разлики.

Во 2024 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **54.433.449 денари** и во однос на минатогодишните 41.078.906 денари бележат пораст од 32,5% како резултат на зголемениот износ на надоместокот за надзор за регулаторот (поради зголемените приходи на Берзата) и поради исплатена отпремнина за склучена Спогодба за доброволно раскинување на работен однос.

Подолу детално се објаснети сите категории на расходи.

Во 2024 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **11.664.972 денари**, што претставува учество од 21,4% во вкупните расходи. Истите се за 74,8% повисоки во однос на ланските 6.672.007 денари поради зголемениот износ што како надомест за надзор Берзата во 2024 година го плати на Комисијата за хартии од вредност, односно оваа година таа е во износ од 11.568.458 денари, наспроти ланските 6.500.000 денари и бележи пораст од 78%. Расходот на име провизии од банки и други финансиски институции во 2024 година изнесува 96.514 денари и е за 43,9% понизок во однос на минатогодишниот износ, поради трошоците што лани Берзата ги имаше за купување на акции од ЦДХВ.

**Трошоци за вработени** во 2024 година изнесуваат 23.297.464 денари и се состојат од бруто плати, останати користи, јубилејни награди и награди за вработените. Истите изнесуваат 42,8% од вкупните расходи и се повисоки во однос на минатогодишните за 26,4% како резултат на планската нагорна нивелација на платите направена оваа година, поради исплата на награда за успешност, како и поради пополнување на една работна позиција во текот на годината. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори и исплатената годишната награда изнесуваат 5.783.585 денари.

На име **Отпремнина** е пресметан и исплатен бруто износ од 888.888 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **4.678.260 денари**, што претставува 8,6% од вкупните расходи и е за 10,5% повисока во однос на минатогодишната пресметана амортизација од **4.232.899** денари како резултат на набавка и ставање во употреба на нови основни средства. Оваа ставка се однесува на амортизација на деловниот простор, нематеријални средства и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2024 година за **исправка на вредност на побарувања и отпис на средства** се прокнижени трошоци во висина од **238.359 денари,** од кои 187.750 денари се направени за исправка на вредност на побарувања, а 50.609 денари се за отпис на побарувања.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **13.124.032 денари** и во вкупните расходи учествуваат со 24,1%. Во однос на останатите расходи од дејност остварени минатата година бележат зголемување од 17,8% што е објаснето подолу, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат **1.611.927 денари** или 3,3% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјали и слично) и се за 12% повисоки во однос на истите во 2023 година. Ова зголемување се должи на повисоките режиски трошоци оваа година, а особено на трошоците за електрична енергија.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат **5.898.050 денари** и истите учествуваат со 10,8% во вкупните расходи, и се зголемени за 6% во однос на лани поради тоа што оваа година Берзата имаше трошок од 11.175 евра за учеството во форма на cost sharing за проектот преку EBRD за изготвување на компаниската стратегија. Во групата трошоци за услуги

спаѓаат трошоците за услуги за водење сметководство, правни услуги, договори со други физички лица (за вршење на внатрешна ревизија, одржување на веб апликации на Берзата итн.) и истите се во висина од 1.786.735 денари. За услуги за тековно инвестиционо одржување на средствата за работа трошоците во извештајниот период изнесуваат 693.804 денари (лани беа 1.414.438 денари бидејќи минатата година, согласно склучен договор со фирмата Interfin од Бања Лука, Берзата заклучно со месец септември плаќаше месечен надомест за превентивно одржување на апликацијата за позадинско брокерско работење). Направени се трошоци за реализација на годишната берзанска конференција во висина од 955.091 денари (оваа година овие трошоци беа поголеми поради враќањето на претходниот формат од два конференциски дена). Исто така, беа направени трошоци за организирање на промотивни и едукативни настани, како и за одржување на работна средба во Охрид на Федерацијата на Евроазиски берзи. Понатаму, за телефонските и услугите за интернет се направени 593.773 денари, а за ревизија се направени трошоци во висина од 177.00 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за поштарина, за задолжителни објави по весници, надоместоци за регулаторот, за услуги од областа на безбедност и здравје при работа, обезбедување, паркинг и слично.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори како и по основ на годишен надомест за успешност, согласно важечки одлуки на Собрание на акционери, е пресметан и исплатен вкупен износ од 2.323.004 денари, наспроти ланските 1.366.692 денари. Истите учествуваат со 4,3% во вкупните расходи.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од **457.058 денари**, што претставува зголемување од 14,3 во однос на планираното ниво од 400.000 денари, што се должи на поинтензивната меѓународна активност, особено поврзана со EBRD и FEAS.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат **1.533.028 денари** наспроти ланските 1.515.184 денари и се однесуваат на трошоците за реализација на Годишната берзанска конференција, за настанот за доделување на Годишни награди на Берзата, како и трошоците за организирање на едукативни и други промотивни настани.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од **761.432 денари** и се однесуваат на трошоци за менаџерско осигурување, трошоци за доброволна пензиска шема за одреден број клучни вработени, трошоци за општо и приватно здравствено осигурување на вработените, деловниот простор, опремата, мебелот итн. Истите учествуваат со 1,4% во вкупните трошоци, а во однос на лани бележат пораст од 19,5% поради тоа што почнувајќи од четвртиот квартал се обезбеди дополнително здравствено осигурување за сите вработени.

- По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од **345.856 денари** и истите учествуваат со 0,6% во вкупните расходи. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, трошоци за судски и административни такси и слично. Зголемувањето во однос на лани, кога изнесуваа 113.888 денари, е поради членарината што од 2024 година започна да ја плаќа Берзата за членување во ФЕАС (2.500 евра годишно).

Во 2024 година е остварен **удел во загубата во заедничкото вложување** во СЕЕ Линк ДОО Скопје во висина од **532.588 денари**.

Од **курсни разлики** е остварен трошок од **8.886** денари.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2024 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **24.817.473 денари**. Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **2.627.601 денар** и **Добивката за деловната 2024 година** изнесува **22.189.872 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2024 година изнесува **210.177.480 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во паричен инвестициски фонд) учествуваат со 29,8% преку што се обезбедува финансиска стабилност на Берзата. Берзата има удел од 37.393.025 денари, односно 28.67% во сопственичката структура на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, има вложено и 31,2 милиони денари во долгорочни државни обврзници и 15 милиони денари во државни едногодишни записи. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија) е во износ од 295.941 денари. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (50.900.402 денари) изнесува 24,2% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 12.874.721 денари или 6,1% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2024 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата што доспеваат за плаќање во јануари 2025 година и тоа за надомест за котација, побарувања за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2024 година и побарувања за дистрибуција на податоци на странски дата вендори.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2024 година изнесува **210.177.480 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2024 година изнесуваат 7.942.744 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 2.576.479 денари и истите доспеваат за плаќање во јануари 2025 година, обврски за даноци, придонеси и други давачки 1.167.221 денари, други обврски 3.933.452 и пасивни временски разграничувања во износ од 265.592 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2024 година изнесуваат 202.234.736 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 41.158.831 денари, добивката за финансиската година во износ од 22.189.872 денари и задржаната добивка во износ од 35.388.273 денари.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Тони Стојановски**

Македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ

**Скопје, март 2025**

# ПРИЛОГ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
на ден 31.12.2024 година

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2023 | 2024 | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| 1. Парични средства и парични еквиваленти | 706.445 | 6.765.064 | 958 |
| 2. Кредити на и побарувања од банки | 40.000.100 | 50.000.100 | 125 |
| Депозити | 40.000.100 | 50.000.100 | 125 |
| 3. Должнички хартии од вредност | 41.204.261 | 46.187.075 | 112 |
| 4. Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 37.766.285 | 43.154.178 | 114 |
| 5. Заеднички вложувања | 828.529 | 295.941 | 36 |
| 6. Нематеријални средства | 1.273.082 | 1.218.686 | 96 |
| 7. Материјални средства | 52.610.932 | 49.681.716 | 94 |
| 8. Останати средства/побарувања | 8.209.103 | 12.509.354 | 152 |
| Останати побарувања | 8.209.103 | 12.509.354 | 152 |
| 9. Одложени приходи и однапред платени трошоци | 335.472 | 365.367 | 109 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **182.934.209** | **210.177.480** | **115** |

### ПАСИВА

во денари

| Назив | 2023 | 2024 | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|
| 1. Обврски | 2.889.345 | 7.942.744 | 275 |
| Останати обврски | 2.742.166 | 7.677.152 | 280 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 147.179 | 265.592 | 180 |
| 2. Капитал и резерви | 180.044.864 | 202.234.736 | 112 |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | 100 |
| Резерви | 39.710.779 | 41.158.831 | 104 |
| Добивка за финансиска година | 2.129.662 | 22.189.872 | 1.042 |
| Задржана добивка | 34.706.663 | 35.388.273 | 102 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **182.934.209** | **210.177.480** | **115** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

### за периодот 01.01.-31.12.2024 година

| ПРИХОДИ | 01.01.-31.12.2023 | 01.01.-31.12.2024 | Индекс 2024/2023 | План 2024 | Индекс 2024/план |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходите остварени од камати и вложувања во финансиски инструменти | 1.747.682 | 2.485.471 | 142 | 2.450.000 | 101 |
| Приходи од усогласување до објективна вредност на удели | 286.609 | 204.517 | 71 | 100.000 | 205 |
| Приходи од провизии и надоместоци | 32.730.200 | 64.269.209 | 196 | 39.925.000 | 161 |
| Надомест за членство | 2.558.938 | 3.059.658 | 120 | 3.120.000 | 98 |
| Надомест од тргување | 17.294.615 | 46.132.540 | 267 | 19.830.000 | 233 |
| Приходи од котација | 8.165.000 | 10.239.441 | 125 | 12.150.000 | 84 |
| Приходи од дистрибуција на податоци и објави на веб страна на Берза согласно закон | 4.711.647 | 4.837.570 | 103 | 4.825.000 | 100 |
| Останати приходи од дејност | 6.953.250 | 7.103.005 | 102 | 7.175.000 | 99 |
| Удел во добивката на придружено друштво | 292.649 | 5.183.376 | 1.771 | 1.450.000 | 357 |
| Остварена дивиденда во банки и др.фин.организ. | 1.189.000 | 0 | - | 0 | - |
| Приходи од курсни разлики | 9.179 | 5.344 | 58 | 10.000 | 53 |
| **Вкупни приходи** | **43.208.569** | **79.250.922** | **183** | **51.110.000** | **155** |
| **РАСХОДИ** | **01.01.-31.12.2023** | **01.01.-31.12.2024** | **Индекс 2024/2023** | **План 2024** | **Индекс 2024/план** |
| Расходи за провизии и надоместоци | 6.672.007 | 11.664.972 | 175 | 7.320.000 | 159 |
| Провизии од банки и други фин. институции | 172.007 | 96.514 | 56 | 120.000 | 80 |
| Берзанска провизија за КХВ | 6.500.000 | 11.568.458 | 178 | 7.200.000 | 161 |
| Трошоци за вработени и останати користи за вработени | 18.432.099 | 23.297.464 | 126 | 19.865.000 | 117 |
| Отпремнина | 0 | 888.888 | - | 1.000.000 | 89 |
| Амортизација | 4.232.899 | 4.678.260 | 111 | 4.850.000 | 96 |
| Исправка на вредн. на побарув.и отпис на сред. | 347.508 | 238.359 | 69 | 300.000 | 79 |
| Останати расходи од дејност | 11.142.587 | 13.124.032 | 118 | 14.050.000 | 93 |
| Материјални и слични трошоци | 1.611.927 | 1.805.604 | 112 | 1.850.000 | 98 |
| Трошоци за услуги | 5.559.977 | 5.898.050 | 106 | 7.185.000 | 82 |
| Одбор на директори | 1.366.692 | 2.323.004 | 170 | 1.400.000 | 166 |
| Трошоци за службени патувања | 337.938 | 457.058 | 135 | 400.000 | 114 |
| Трошоци за репрезентација, реклама и пропаганда | 1.515.184 | 1.533.028 | 101 | 1.850.000 | 83 |
| Осигурување | 636.981 | 761.432 | 120 | 895.000 | 85 |
| Други трошоци | 113.888 | 345.856 | 304 | 470.000 | 74 |
| Удел во загубата на заедничко вложување | 242.045 | 532.588 | 220 | - | - |
| Расходи од курсни разлики | 9.762 | 8.886 | 91 | 10.000 | 89 |
| **Вкупни расходи** | **41.078.906** | **54.433.449** | **133** | **47.395.000** | **115** |
| Добивка (загуба) пред оданочување | 2.129.662 | 24.817.473 | 1.165 | 3.715.000 | 668 |
| Данок на добивка | 0 | 2.627.601 | | | - |
| **Добивка за финансиската година** | 2.129.662 | 22.189.872 | 1.042 | | - |

-